# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА
## на Македонска берза АД Скопје за 2016 година

**Скопје, Март 2017 година**

## 1. ВОВЕД

Извештајот за работа на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје во 2016 година ги содржи главните фактори и околности (деловно окружување) коишто влијаеа на работењето на Берзата во 2016 година, основните карактеристики на берзанското работење, осврт на остварените резултати од тргувањето со хартии од вредност, активностите поврзани со котацијата, членството и надзорот на тргувањето, правните и нормативни активности, активностите во делот на информатичка и техничка поддршка на берзата, преземените активности за едукација на пошироката јавност, промоција на Берзата и меѓународната соработка, како и извештај за финансиското работење по годишната сметка за 2016 година.

## 2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ

Во текот на 2016 година работењето на Македонската берза се одвиваше под влијание на следните главни фактори и околности од меѓународен и локален аспект, коишто го креираа деловното окружување во кое функционираше Македонската берза, односно имаа свое влијание врз тргувањето со хартии од вредност на Берзата, а со тоа и врз деловното работење на Берзата како акционерско друштво:

- Растот на светската економија во 2016 година продолжи со намалено темпо од претходната година и изнесуваше околу 3,1%. По успешниот референдум во Велика Британија за напуштање на Европската Унија се зголемија ризиците за низок економски пораст во земјите од ЕУ, додека САД и земјите во развој (на кои отпаѓа околу 70% од светскиот раст) воглавно го задржаа истото темпо на пораст како и претходната година. Растот на повеќето земји во развој достигна стапка од 4,2% во споредба со минатогодишниот од околу 4,0%. Земјите од еврозоната, (невклучувајќи ја Велика Британија која оствари раст од 1,8%) забележаа зголемување на БДП во 2016 година во износ од 1,6%[1];

- Се проценува дека во 2016 година македонската економија ќе забележи раст од 2,3%, првентсвено како резултат на јавните инвестиции и благото закрепнување на економиите од Европската Унија, која е наш доминантен трговски партнер[2];

- Пролонгираната политичка криза влијаеше врз сентиментот на инвеститорите, односно на обемот на вложување на инвеститорите во македонски хартии од вредност;

- Како резултат на воведувањето на задолжителната котација на хартиите од вредност пред неколку години, во текот на 2016 на Берзата продолжи задоволителниот обем и квалитет на известувањата од страна на котираните друштва, а со тоа и на транспарентноста на македонскиот пазар на хартии од вредност во целина;

- Во 2016 година монетарната политика на НБРМ беше насочена кон стабилизација на очекувањата и на довербата на економските субјекти, со активност насочена кон ограничување на понудениот износ на благајничките записи, одржување на непроменети каматни стапки на кредитите преку ноќ (3,75%) и на зголемување на каматните стапки на благајничките записи (3,75%). Активноста на зголемување на каматните стапки на благајничките записи беше резултат на зголемениот одлив на девизни средства од банките во месец април 2016 година при што во мај 2016 година НБРМ реши да ја зголеми каматната стапка за 0,75%. Обемот на кредити кои банките го даваат на нефинансискиот сектор продолжи да расте, но со намалено темпо. Во 2016 година, на годишна основа вкупната каматна стапка на дадени денарски и девизни кредити изнесуваше 6,4% (што претставува намалување од 0,4% споредено со 2015 година) додека вкупната каматна стапка на депозитите во денари и девизи изнесуваше 1,8% (што преставува намалување од 0,4% споредено со 2015 година)[3]. Евидентното намалување на приносите на најсигурните финаниски

[1] World Economic Outlook - Update, IMF, October 2016
[2] "Индикатори и проекци, Министерство за финансии на Република Македонија, февруари 2017 година"
[3] Пондерирани каматни стапки на одобрени кредити и примени депозити, сметковоствени состојби, НБРМ, ноември 2016 година

инструменти (државни хартии од вредност) се проценува дека започна да има свое влијание на берзанските движења во 2016 година;

- Општата ликвидност во економијата сеуште беше голем предизвик за сите економски агенти и истото имаше повратно влијание на состојбите на пазарот на хартии од вредност;

- И покрај евидентниот пораст на портфолиото на отворените инвестициони фондови во Република Македонија (на крајот на 2016 година вкупните средства на фондовите се зголемија за 25,8% во однос на 2015 година и достигнаат износ од 58,6 милиони евра) најмногу од средствата доверени на управување беа насочени кон вложување во депозити и должнички хартии од вредност издадени од државата и истото не ги афектираше позитивно берзанските движења. Слични се трендовите и кај пензиските фондови кои на крајот од 2016 година ги зголемија нето средствата за 20,27% во однос на 2015 година и достигнаа вредност од 781,3 милиони евра (2,85% се во македонски акции);

- Во рамките на вкупниот број на котирани компании (109 котирани друштва) само 33 друштва исплатија дивиденди во 2016 година во износ од 124 милиони евра што во споредба со 2015 година претставува зголемување за 16,43%. Зголемениот износ на исплатени дивиденди во 2016 се должи пред се' на подобрените финансиски резултати на банките;

- Во 2016 година немаше нови емисии на корпоративни обврзници и издавање на акции по пат на јавна понуда. Неуспешна беше јавната понуда на корпоративни обврзници од првата емисија на обврзници издадени од Стопанска банка АД Битола, која се нудеше во износ од 5 милиони евра и со годишна каматна стапка од 4,10%;

- За определени хартии од вредност беа објавени намери за преземање на друштвата што влијаеше врз порастот на цените и обемот на тргување на тие хартии од вредност;

- Речиси непостоечка инфлација од -0,2% во 2016 година;

- Стабилен девизен курс;

- Функционална институционална пазарна инфраструктура;

- И во 2016 година не се случија некои позначајни поместувања во однос на отворените прашања кои се поставуваат како услов за реализацијата на определбите на Република Македонија за членство во евроатлантските организации, што и понатаму имаше свое влијание врз однесувањето на инвеститорите на Берзата.

## 3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

### 3.1. Основни карактеристики

Основни карактеристики на тргувањето во 2016 година се:

- Вкупниот промет (по сите основи) во 2016 година изнесуваше **3.023.394.172** денари (околу **49,09** милион евра), што е за **13,64 %** повисок во споредба со 2015 година;

- Остварениот промет на класичното тргување во 2016 година изнесуваше **2.332.462.394** денари[4] (околу **37,87** милиони евра), што е за **12,03%** повисок во споредба со 2015 година;

    - Прометот остварен со акции во 2016 година изнесуваше **1.823.563.761** денари (околу **29,61** милиони евра), што е за **26,94%** повисок во споредба со 2015 година;

[4] При пресметување на класичното тргување на Берзата не се вклучени прометите остварени на јавните берзански аукции и блок трансакциите.

- Во 2016 година е остварен промет со обврзници од **508.898.633** денари (околу **8,26** милиони евра), што е за **21,15%** понизок во споредба со 2015 година;

- Во 2016 година на Берзата се реализирани **145** блок трансакции (администраторски и системски блок трансакции) во вкупна вредност од **645.400.593** денари (околу **10,48** милиони евра), и бележи зголемување од **17,66%** во споредба со 2015 година;

- Во 2016 година реализирани се продажби на акции по пат на јавни берзански аукции во вкупна вредност од **45.531.185** денари (околу **740** илјади евра), што е за **187,31%** повеќе во споредба со 2015 година;

- Во 2016 година на Берзата не се реализирани јавни понуди на хартии од вредност;

- Во структурата на прометот доминираат реализираните трансакции на Официјалниот пазар со **73%** учество во вкупниот промет на Берзата во 2016 година;

- На крајот на 2016 година на котација на Официјалниот пазар беа котирани акции на **109** друштва, од кои 29 друштва на подсегментите Супер котација и Берзанска котација и 80 друштва на подсегментот Задолжителна котација;

- Пазарната капитализација на котираните акции на 29.12.2016 година достигна **112,31** милијарди денари (околу **1,83** милијарди евра) и бележи зголемување од **13,04%** во споредба со 2015 година, додека пазарната капитализација на обврзниците изнесува **4,44** милијарди денари (**72,17** милиони евра) што претставува опаѓање за **9,07%** во споредба со 2015 година;

- Вредноста на Македонскиот берзански индекс МБИ10 на 29.12.2016 година изнесуваше **2.134,91** што е **16,45%** повисок во однос на вредноста на индексот МБИ10 постигната на последниот ден на тргување во 2015 година кога изнесуваше 1.833,26**.**

Со цел согледување и споредување на резултатите од тргувањето на Берзата за 2016 и 2015 година, во продолжение се презентира и табеларен приказ на сумарните берзански податоци за периодот Јануари-Декември 2016 година и Јануари-Декември 2015 година, како и структурата на прометот остварен во 2016 година.

| **ПРОМЕТ (денари)** | **Јануари –Декември 2015** | **Јануари –Декември 2016** | **% на промена** |
|---|---|---|---|
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | **2.081.950.989** | **2.332.462.394** | **12,03** |
| АКЦИИ | 1.436.513.948 | 1.823.563.761 | 26,94 |
| ОБВРЗНИЦИ | 645.437.041 | 508.898.633 | -21,15 |
| ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН ПРОМЕТ (денари) | 8.532.586 | 9.520.255 | 11,58 |
| ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ | 48 | 52 | 8,33 |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **548.522.150** | **645.400.593** | **17,66** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | **15.847.214** | **45.531.185** | **187,31** |
| **ЈАВНИ ПОНУДИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | **14.174.160** | **0** | **-** |
| **ВКУПНО** | **2.660.494.514** | **3.023.394.172** | **13,64** |
| **ОБЕМ (хартии од вредност)** | | | |
| **АКЦИИ** | **1.853.739** | **2.690.001** | **45,11** |
| КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ | 1.381.492 | 2.031.964 | **47,08** |
| БЛОК ТРАНСАКЦИИ | 472.247 | 658.037 | **39,34** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | **126.643** | **113.440** | **-10,43** |
| **ЈАВНА ПОНУДА НА ХВ** | **25.960** | **0** | **-** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ НА ГОЛЕМИ ПАКЕТИ** | **0** | **0** | **-** |
| **ОБВРЗНИЦИ (НВ во ЕУР)** | **11.159.727** | **8.844.888** | **-20,74** |
| **БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ** | | | |
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | 11.746 | 12.765 | 8,68 |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | 80 | 145 | 81,25 |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | 31 | 23 | -25,81 |
| **ЈАВНА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | 16 | 0 | - |
| **ВКУПНО** | **11.873** | **12.933** | **8,93** |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА (денари)** | | | |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИИ** | **102.850.635.856** | **115.710.274.852** | **12,50** |
| БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА-АКЦИИ | 99.359.059.424 | 112.313.643.687 | 13,04 |
| ПАЗАР НА АДПОИ | 3.491.576.432 | 3.396.631.165 | -2,72 |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА ОБВРЗНИЦИ** | **4.881.457.420** | **4.438.483.765** | **-9,07** |
| **ВКУПНО ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА** | **107.732.093.276** | **120.148.758.617** | **11,53** |
| **МБИ10** | **1.833,26** | **2.134,91** | **16,45** |
| **ОМБ** | **128,38** | **127,83** | **-0,43** |
| **БРОЈ НА КОТИРАНИ ДРУШТВА** | **114** | **109** | **-4,39** |
| **БРОЈ НА ДЕНОВИ НА ТРГУВАЊЕ** | **244** | **245** | **0,41** |

**Структура на прометот во периодот**
**Јануари - Декември 2016 година**

| Пазарен сегмент | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | % на учество | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР | 2.207.118.593 | 35.836.680 | 73,00 | 12.530 |
| РЕДОВЕН ПАЗАР | 125.343.801 | 2.034.208 | 4,15 | 235 |
| БЛОК ТРАНСАКЦИИ | 645.400.593 | 10.480.397 | 21,35 | 145 |
| ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ | 45.531.185 | 740.025 | 1,51 | 23 |
| ЈАВНА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ | 0 | 0 | 0,00 | 0 |
| **ВКУПНО** | **3.023.394.172** | **49.091.310** | **100,00** | **12.933** |




## 3.2. Анализа на остварениот промет од класичното тргување по месеци

Во текот на 2016 година на Берзата е остварен промет од "класичното" тргување во износ од **2.332.462.394** денари (околу **37,87** милиони евра).

За подобро согледување на остварените резултати од "класичното" тргување на Берзата во 2016 година, во продолжение презентираме графички и табеларен приказ на тргувањето по месеци, односно квартали во 2016 година.

**Промет од "класичното" тргување по месеци во 2016 година**



| Месец | Официјален пазар | | Редовен пазар | Промет во денари | Промет во ЕВРА | Бр. на трансакц. | Бр. на денови на тргув. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акции | Обврзници | Акции | | | | |
| Јануари | 151.742.683 | 70.425.205 | 706.847 | 222.874.735 | 3.616.122 | 868 | 17 |
| Февруари | 92.453.685 | 16.299.027 | 566.190 | 109.318.902 | 1.771.890 | 899 | 21 |
| Март | 125.491.345 | 6.196.221 | 10.147.795 | 141.835.361 | 2.299.053 | 1.030 | 23 |
| **Вкупно I квартал** | **369.687.713** | **92.920.454** | **11.420.832** | **474.028.999** | **7.687.065** | **2.797** | **61** |
| Април | 162.936.410 | 4.558.808 | 7.724.479 | 175.219.697 | 2.841.070 | 899 | 20 |
| Мај | 93.636.370 | 2.730.684 | 55.109.613 | 151.476.667 | 2.455.236 | 746 | 20 |
| Јуни | 61.836.758 | 218.520.928 | 7.469.948 | 287.827.634 | 4.665.263 | 912 | 21 |
| **Вкупно II квартал** | **318.409.538** | **225.810.419** | **70.304.040** | **614.523.997** | **9.961.569** | **2.557** | **61** |
| Јули | 107.300.191 | 103.009.074 | 138.042 | 210.447.307 | 3.417.552 | 964 | 20 |
| Август | 111.481.964 | 32.828.324 | 2.321.407 | 146.631.695 | 2.384.519 | 1.013 | 22 |
| Септември | 100.547.592 | 19.470.881 | 686.818 | 120.705.291 | 1.962.794 | 948 | 21 |
| **Вкупно III квартал** | **319.329.747** | **155.308.279** | **3.146.267** | **477.784.293** | **7.764.864** | **2.925** | **63** |
| Октомври | 205.024.880 | 16.168.282 | 4.283.132 | 225.476.294 | 3.665.544 | 1.435 | 19 |
| Ноември | 312.886.612 | 10.758.972 | 852.564 | 324.498.148 | 5.276.232 | 2.004 | 21 |
| Декември | 172.881.470 | 7.932.228 | 35.336.966 | 216.150.664 | 3.515.614 | 1.047 | 20 |
| **Вкупно IV квартал** | **690.792.962** | **34.859.481** | **40.472.662** | **766.125.105** | **12.457.390** | **4.486** | **60** |
| **ВКУПНО** | **1.698.219.960** | **508.898.633** | **125.343.801** | **2.332.462.394** | **37.870.889** | **12.765** | **245** |

## 3.3. Структура на промет од класичното тргување по пазарни сегменти

Прометот на Официјалниот пазар на Берзата во 2016 година (2,21 милијарди денари) е остварен преку 12.530 трансакции и учествува во вкупниот промет од класичното тргување со 94,63%. Од тоа, 1,70 милијарди денари отпаѓаат на тргувањето со акции (76,94%) при што се склучени 11.309 трансакции, додека прометот со обврзници изнесува 509 милиони денари (23,06%) и истиот е остварен преку 1.221 трансакција.

Остварениот промет на Редовниот пазар на Берзата (125 милиони денари) учествува во вкупниот промет од класичното тргување во 2016 година со 5,37% и 235 трансакции. Од тоа, 319 илјади денари отпаѓаат на тргувањето остварено на Пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување (0,25%) и овој промет е остварен преку 15 трансакции, додека на Слободниот пазар се остварени 125 милиони денари (99,75%) преку 220 трансакции.

За подобро согледување на структурата на прометот во 2016 година, во продолжение презентираме табеларен и графички приказ на тргувањето по пазарни сегменти.

**СТРУКТУРА НА КЛАСИЧНИОТ ПРОМЕТ ВО 2016 ГОДИНА**

| Пазарен сегмент | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | % | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | | | | |
| ***Акции*** | **1.698.219.960** | **27.579.117** | **76,94** | **11.309** |
| обични | 1.681.939.508 | 27.314.469 | 99,04 | 11.189 |
| приоритетни | 16.280.452 | 264.648 | 0,96 | 120 |
| ***Обврзници*** | **508.898.633** | **8.257.563** | **23,06** | **1.221** |
| **ВКУПНО ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | **2.207.118.593** | **35.836.680** | **94,63** | **12.530** |
| **РЕДОВЕН ПАЗАР** | | | | |
| ***Акции*** | **125.343.801** | **2.034.208** | **100,00** | **235** |
| ***Пазар акционерски друштва со посебни обврски за известување*** | **319.150** | **5.189** | **0,25** | **15** |
| обични | 319.150 | 5.189 | 100 | 15 |
| приоритетни | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ***Слободен пазар*** | **125.024.651** | **2.029.019** | **99,75** | **220** |
| обични | 125.024.651 | 2.029.019 | 100 | 220 |
| приоритетни | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО РЕДОВЕН ПАЗАР** | **125.343.801** | **2.034.208** | **5,37** | **235** |
| **ВКУПНО СИТЕ ПАЗАРИ** | **2.332.462.394** | **37.870.889** | **100** | **12.765** |







## 3.4. Блок трансакци

*3.4.1. Администраторски блок трансакции*

Во 2016 година на Берзата беа пријавени вкупно **16** администраторски блок трансакции во вкупна вредност од **210.815.016** денари (околу 3,43 милион евра). На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 12 блок трансакции во вкупна вредност од 106 милиони денари (1,72 милиони евра), додека на Редовниот пазар беа реализирани вкупно 4 блок трансакции во вкупна вредност од 105 милиони денари (1,70 милиони евра).

Во продолжение ги презентираме пријавените администраторски блок трансакции по пазарни сегменти во 2016 година.

| | | Промет (денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **Официјален пазар** | **Берзанска котација** | **64.338.274** | **1.046.151** | **8** |
| | **Задолжителна котација** | **41.741.525** | **678.724** | **4** |
| **Редовен пазар** | **Слободен пазар** | **104.735.217** | **1.703.012** | **4** |
| **Вкупно** | | **210.815.016** | **3.427.887** | **16** |

### *3.4.2. Системски блок трансакции*

Во 2016 година на Берзата беа склучени вкупно **129** системски блок трансакции во вкупна вредност од **434.585.577** денари (околу 7,07 милиони евра). На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 111 блок трансакции во вкупна вредност од 408 милиони денари (6,63 милиони евра), додека на Редовниот пазар беа склучени вкупно 18 блок трансакции во вкупна вредност од 27 милиони денари (438 илјади евра).

Во продолжение ги презентираме реализираните системски блок трансакции по пазарни сегменти во 2016 година.

| | | Промет (денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **Официјален пазар** | **Супер котација** | **130.934.641** | **2.129.019** | **19** |
| | **Берзанска котација** | **233.583.851** | **3.798.112** | **76** |
| | **Задолжителна котација** | **43.117.418** | **701.097** | **16** |
| **Редовен пазар** | **Слободен пазар** | **26.949.667** | **438.206** | **18** |
| **Вкупно** | | **434.585.577** | **7.066.434** | **129** |

## 3.5. Јавни берзански аукции

Во текот на 2016 година на Берзата се одржаа вкупно 6 јавни берзански аукции на кои што се понудија акции и удели во сопственост на Фондот на ПИОМ и Агенција за управување со одземен имот.

На одржаните јавни берзански аукции во 2016 година беа склучени вкупно **23** трансакции и беше остварен промет од **45.531.185** денари (740 илјади ЕВРА) и тоа:

- Преку 12 трансакции беа истргувани обични акции на 12 акционерски друштва при што беше остварен промет од 33.518.824 денари;
- Преку 11 трансакции беа истргувани приоритетни акции на 11 акционерски друштва при што беше остварен промет од 12.012.361 денари.

## 3.6. Јавни понуди на хартии од вредност

Во текот на 2016 година, во период од 06.09-06.12.2016 година се одржа јавна понуда за запишување на корпоративни обврзници на Стопанска банка АД Битола, при што по завршување на рокот за реализација на јавната понуда, од понудените 5.000.000 долгорочни должнички хартии од вредност (обврзници), не се продаде ниту една обврзница со што јавната понуда не се реализира.

## 3.7. Учество на странски и домашни инвеститори во вкупниот промет

Врз основа на податоците добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност кои се однесуваат за учеството на странските и домашните инвеститори во вкупниот промет на Берзата, а кои редовно се објавуваа во месечните статистички билтени на Берзата, може да се констатира дека од вкупниот промет 3.023.394.172 денари (околу 49,09 милион евра) остварен на Берзата во 2016 година, 304.129.920 денари (околу 5 милиони евра) се однесуваат на прометот остварен од купување на хартии од вредност од страна на странските инвеститори (10,06% од вкупниот промет), додека 730.285.278 Денари (околу 12 милиони евра) се остварени преку продавање на хартии од вредност на странските инвеститори на домашниот пазар (24,15% од вкупниот промет).

Во продолжение е презентирана табела за учеството на домашните и странските инвеститори во вкупниот промет по месеци во 2016 година:

| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | I-XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Купување странски физички | 1,58% | 5,44% | 4,07% | 2,87% | 2,78% | 2,14% | 1,26% | 2,53% | 11,11% | 2,82% | 3,19% | 2,20% | 3,07% |
| Купување странски правни | 3,28% | 4,13% | 4,69% | 12,62% | 31,14% | 4,28% | 3,59% | 0,05% | 3,07% | 3,59% | 7,83% | 0,29% | 6,98% |
| **ВКУПНО** | **4,86%** | **9,57%** | **8,76%** | **15,49%** | **33,92%** | **6,44%** | **4,85%** | **2,58%** | **14,18%** | **6,41%** | **11,02%** | **2,48%** | **10,06%** |
| Купување домашни физички | 19,35% | 42,67% | 46,02% | 37,05% | 24,54% | 18,73% | 44,99% | 40,40% | 33,99% | 47,98% | 47,36% | 33,39% | 36,06% |
| Купување домашни правни | 75,78% | 47,76% | 45,22% | 47,46% | 41,53% | 74,83% | 50,17% | 57,02% | 51,83% | 45,61% | 41,62% | 64,12% | 53,88% |
| **ВКУПНО** | **95,14%** | **90,43%** | **91,24%** | **84,51%** | **66,08%** | **93,56%** | **95,15%** | **97,42%** | **85,82%** | **93,59%** | **88,98%** | **97,52%** | **89,94%** |
| Продажба странски физички | 1,77% | 3,94% | 4,22% | 2,99% | 2,18% | 0,95% | 2,77% | 3,79% | 3,03% | 2,61% | 7,53% | 1,40% | 3,19% |
| Продажба странски правни | 40,14% | 25,02% | 22,58% | 42,21% | 32,10% | 8,93% | 9,75% | 25,45% | 11,92% | 21,79% | 12,80% | 14,70% | 20,96% |
| **ВКУПНО** | **41,91%** | **28,95%** | **26,80%** | **45,21%** | **34,28%** | **9,88%** | **12,52%** | **29,24%** | **14,95%** | **24,41%** | **20,32%** | **16,09%** | **24,15%** |
| Продажба домашни физички | 18,66% | 34,43% | 55,16% | 38,62% | 37,43% | 52,39% | 59,10% | 56,56% | 56,10% | 55,51% | 48,75% | 39,66% | 46,23% |
| Продажба домашни правни | 39,43% | 36,62% | 18,04% | 16,17% | 28,29% | 37,73% | 28,38% | 14,20% | 28,95% | 20,08% | 30,93% | 44,24% | 29,62% |
| **ВКУПНО** | **58,09%** | **71,05%** | **73,20%** | **54,79%** | **65,72%** | **90,12%** | **87,48%** | **70,76%** | **85,05%** | **75,59%** | **79,68%** | **83,91%** | **75,85%** |

## 3.8. Индекси на Македонска берза

Македонска берза АД Скопје ги пресметува и објавува следните индекси: Македонски Берзански Индекс – МБИ10 и Индекс на обврзници – ОМБ.

### *3.8.1. Македонски Берзански Индекс – МБИ10*

- вредност на МБИ10 на последниот ден на тргување во 2016 година **(29.12.2016)** изнесува **2.134,91** индексни поени, што значи зголемување од **16,45%** во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2015 година (**30.12.2015)** година = **1.833,26** индексни поени),
- највисока вредност на МБИ10 во 2016 година е постигната на **18.11.2016** година (**2.266,87** индексни поени),
- најниска вредност на индексот во 2016 година е постигната на **02.06.2016** година (**1.701,46** индексни поени).




| Датум на извршена ревизија | Вид на ревизија | Состав на индексот | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 15.06.2016 | Редовна ревизија на индексот МБИ10 | Комерцијална банка АД Скопје,<br>Гранит АД Скопје,<br>Алкалоид АД Скопје,<br>Стопанска банка АД Битола,<br>Макпетрол АД Скопје,<br>Македонијатурист АД Скопје,<br>Репелек АД Скопје,<br>Македонски Телеком АД Скопје<br>НЛБ Банка АД Скопје и<br>Стопанска банка АД Скопје | Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој отпочна да се пресметува индексот по новиот состав беше 30.06.2016 година |
| 15.12.2016 | Редовна ревизија на индексот МБИ10 | Комерцијална банка АД Скопје,<br>Гранит АД Скопје,<br>Алкалоид АД Скопје,<br>Стопанска банка АД Битола,<br>Макпетрол АД Скопје,<br>Македонијатурист АД Скопје,<br>Охридска банка АД Скопје,<br>Македонски Телеком АД Скопје<br>НЛБ Банка АД Скопје и<br>Стопанска банка АД Скопје | Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој отпочна да се пресметува индексот по новиот состав беше 03.01.2017 година |

### *3.8.2. Индекс на обврзници - ОМБ*

- вредност на ОМБ на последниот ден на тргување во 2016 година (**29.12.2016**) изнесува **127,83** индексни поени, што значи намалување од **0,43%** во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2015 година (**30.12.2015)** година = **128,38** индексни поени),
- највисока вредност на ОМБ во 2016 е постигната на **01.04.2016** година (**129,13** индексни поени),
- најниска вредност на индексот ОМБ во 2016 е постигната на **16.06.2016** година (**125,73** индексни поени).



| **Датум на извршена ревизија** | **Вид на ревизија** | **Состав на индексот** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| 15.06.2016 | Редовна ревизија на индексот ОМБ | Обврзници за денационализација:<br>RMDEN07,<br>RMDEN08,<br>RMDEN09,<br>RMDEN10,<br>RMDEN11,<br>RMDEN12,<br>RMDEN13 и<br>RMDEN14 | Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој отпочна да се пресметува индексот по новиот состав беше 30.06.2016 година |
| 07.07.2016 | Вонредна ревизија на индексот ОМБ | Обврзници за денационализација:<br>RMDEN07,<br>RMDEN08,<br>RMDEN09,<br>RMDEN10,<br>RMDEN11,<br>RMDEN12,<br>RMDEN13<br>RMDEN14 и<br>RMDEN15 | Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој отпочна да се пресметува индексот по новиот состав беше 08.07.2016 година |
| 15.12.2016 | Редовна ревизија на индексот ОМБ | Обврзници за денационализација:<br>RMDEN07,<br>RMDEN08,<br>RMDEN09,<br>RMDEN10,<br>RMDEN11,<br>RMDEN12,<br>RMDEN13<br>RMDEN14 и<br>RMDEN15 | Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој отпочна да се пресметува индексот по новиот состав беше 03.01.2017 година |

## 3.9. Структура на прометот по членки

Остварениот берзански промет во 2016 година е реализиран преку активностите на 10 членки на Берзата.

Во продолжение ја презентираме табелата за учеството на членките на Берзата во остварениот промет во 2016 година. Податоците се базираат врз двојно пресметување (и при купување и при продавање) со цел да се инкорпорира и активноста на членките во вкрстените трансакции, со исклучок на податоците за тргувањето со хартиите од вредност кои се нуделе на јавните берзански аукции, каде е прикажана само куповната страна.

## Учество на членките на Берзата во реализираниот промет и трансакции во 2016 година

| Членка | Шифра на членка | Класично тргување | % Класично тргување | Блокови | % Блокови | Јавни берзански аукции | % Јавни берзански аукции | Вкупно | % Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје | IL | 1.499.696.534 | 32,15 | 243.737.342 | 18,88 | 8.752.185 | 19,22 | 1.752.186.061 | 29,20 |
| Комерцијална банка АД Скопје | KB | 907.529.229 | 19,45 | 529.784.745 | 41,04 | 0 | 0 | 1.437.313.974 | 23,95 |
| Еурохаус АД Скопје | EH | 699.887.159 | 15,00 | 120.222.976 | 9,31 | 24.197.853 | 53,15 | 844.307.988 | 14,07 |
| НЛБ Банка АД Скопје | TN | 572.935.527 | 12,28 | 41.938.220 | 3,25 | 11.181.720 | 24,56 | 626.055.467 | 10,43 |
| ИНОВО БРОКЕР АД Скопје | IN | 231.273.912 | 4,96 | 233.750.922 | 18,11 | 102.384 | 0,22 | 465.127.218 | 7,75 |
| Стопанска банка АД Скопје | SB | 235.738.761 | 5,05 | 0 | 0 | 73.679 | 0,16 | 235.812.440 | 3,93 |
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје | MI | 187.344.114 | 4,02 | 18.357.120 | 1,42 | 696.396 | 1,53 | 206.397.630 | 3,44 |
| ТТК Банка Скопје | TK | 183.672.059 | 3,94 | 10.639.860 | 0,82 | 0 | 0 | 194.311.919 | 3,24 |
| Фершпед Брокер АД Скопје | FR | 67.842.772 | 1,45 | 80.978.144 | 6,27 | 64.079 | 0,14 | 148.884.995 | 2,48 |
| **Еуростандард Банка АД Скопје | ES | 77.767.981 | 1,67 | 11.391.856 | 0,88 | 462.889 | 1,02 | 89.622.726 | 1,49 |
| *Поштел Брокер АД Скопје | PT | 1.236.741 | 0,03 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.236.741 | 0,02 |
| **Вкупно** | | **4.664.924.788** | **100** | **1.290.801.185** | **100,00** | **45.531.185** | **100** | **6.001.257.158** | **100** |

*Поштел Брокер АД Скопје членка на Берзата заклучно со 26.01.2016 година
**Еуростандард Банка АД Скопје членка на Берзата од 10.02.2016 година




Најголемо учество во вкупниот промет по сите основи изразен во денари во тргувањето на Берзата оствари членката Илирика Инвестментс АД Скопје со учество од 29,20%%. На второ и трето место се Комерцијална банка АД Скопје и Еурохаус АД Скопје со учество од 23,95% и 14,07%, соодветно.

**<u>3.10. Други активности поврзани со тргувањето и функционирањето на БЕСТ системот</u>**

Во текот на 2016 година Берзата редовно ги спроведуваше потребните активности поврзани со тргувањето со хартии од вредност како што се:

- внес на нови хартии за тргување во трговскиот систем;
- времени прекини и суспендирања на тргувањето со некои хартии од вредност каде ќе се јавеше потреба (поради исплата на камата и рата кај обврзници, поради достасување на обврзници, поради отворени стечајни постапки над некои друштва, поради ненавремено објавување на одлуки од собрание на акционери и др.);
- распоредување на хартии од вредност по соодветни сегменти согласно известувањата од Комисијата за хартии од вредност за запишување и бришење на акционерски друштва од/во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување по разни основи;
- изготвување и објава на календар на денови на тргување на Македонска берза за 2017 година;
- изготвување на список на сите хартии од вредност со кои се тргува без ценовни ограничувања (статички лимити) и оперативни активности по тој основ;
- подготовка и објавување на годишен статистички билтен и месечни статистички билтени од тргувањето со хартии од вредност;
- распоредување на хартиите од вредност во соодветните режими на тргување;
- промена на називот на друштво, согласно направени промени во ЦДХВ;
- рангирање на хартиите од вредност по ликвидни групи.

За сите вакви активности, членките на Берзата беа соодветно известувани преку апликацијата БерзаНЕТ.

Во врска со активности за воведување на новата софтверска апликација за позадинско работење на членките, во првото тромесечие на 2016 година беше извршена измена во начинот на внес на видот на сметката на налозите во БЕСТ системот и бројот на налог во маската за внес на налози во станицата за тргување на Берзата, за што беше изготвено општо известување и истото беше дистрибуирано до сите членки на Берзата.

Со оглед на интензивната употреба на FIX протоколот во комуникацијата со членките и светските дистрибутери на берзански информации, како и информациите коишто секојдневно се испраќаат од системот за тргување до СЕЕ ЛИНК платформата, почнувајќи од 14.11.2016 година пораките од системот за тргување во прозорецот наменет за пораки се на англиски јазик, додека насловите на сите pop-up известувања во БЕСТ системот се на македонски јазик со латинично писмо, а нивната содржина е на македонски јазик со кирилично писмо.

Во последниот квартал од 2016 година, а согласно Одлуката за проверка и ажурирање на состојбата во БЕСТ системот на хартиите од вредност што се тргуваа на подсегментот Слободен пазар, хартиите од вредност од Слободен пазар кои на денот на проверката беа во состојба "тргува", а со кои не се склучила ниту една трансакција во тековната година и кај кои на денот на проверката не постои ниту еден налог во БЕСТ системот кој е во „активна", „неактивна" или „задржана" состојба, на следниот ден на тргување после денот на проверката, ја сменија состојбата во БЕСТ системот од „тргува" во „отстранета". Исто така, хартиите од вредност кои на денот на проверката беа во состојба "суспендирана", на следниот ден на тргување после денот на проверката, ја сменија состојбата во БЕСТ системот од „суспендирана" во „отстранета". Новата состојба на хартиите од вредност започна да важи од 28.12.2016 година.

## 4. КОТАЦИЈА

### 4.1. Пазарна капитализација

На почетокот од 2016 година на Официјалниот пазар на Македонската берза беа котирани 114 акционерски друштва со пазарна капитализација од 99,36 милијарди денари како и 11 државни обврзници со пазарна капитализација од 4,88 милијарди денари.

На крајот од 2016 бројот на котираните друштва се намали на 109 (5 друштва објавија стечај), со пазарна капитализација од 112,31 милијарди денари, што претставува зголемување од 13,04%. На крајот од 2016 година бројот на котирани државни обврзници се задржа на 11, со пазарна капитализација од 4,44 милијарди денари, што претставува намалување од 9,07%, при што треба да се имаат предвид достасаните ануитети на обврзниците за денационализација и достасувањето на Петтата емисија на обврзници за денационализација.

На последниот ден на тргување во 2016 година (29.12.2016 година), од 123 котирани хартии од вредност (обични акции, приоритетни акции и обврзници), 42 се тргуваа во режим на континуирано тргување, додека 81 се тргуваа во режим на аукциско тргување.

### 4.2. Котација на нови хартии од вредност

#### *4.2.1. Котација на обврзници*

Одборот на директори на Македонската берза на седница одржана на 15.06.2016 година донесе Одлука за котација на Петнаесеттата емисија на обврзници за денационализација издадени од Република Македонија, согласно добиено барање и доставен проспект за котација од страна на Министерството за финансии на Република Македонија.

### 4.3. Исклучување од котација на хартии од вредност

#### *4.3.1. Исклучување од котација на обврзници*

Заради достасување на 01.06.2016 беше отстранета од тргување Петтата емисија на обврзници за денационализација (со шифра на тргување RMDEN05) издадена од Република Македонија.

*4.3.2. Исклучување од котација на акции*

Одборот на директори на Македонската берза заради стечај ги исклучи од котација акциите издадени од следните друштва:

- Авиоимпекс АД Скопје почнувајќи од 02.02.2016 година.
- Трансбалкан АД Гевгелија почнувајќи од 27.04.2016 година.
- ОХИС АД Скопје почнувајќи од 20.06.2016 година
- Жито Вардар АД Велес почнувајќи од 20.06.2016 година.
- ЕМО АД Охрид почнувајќи од 29.12.2016 година.

## 4.4. Преземени мерки согласно Правилата за котација

*4.4.1. Преземени мерки кон котирани друштва на подсегментите Супер котација и Берзанска котација*

- *Изречени опомени*

| Назив на друштво | Преземена мерка | Датум | Причини |
|---|---|---|---|
| **ДС Смитх АД Скопје** | Јавна опомена | 25.04.2016 | ненавремено објавување на неревидирани финансиски извештаи за 2014 година и необјавување на неревидирани финансиски извештаи за 2015 година |
| **РЖ Услуги АД Скопје** | Јавна опомена | 25.04.2016 | необјавување на образложение кон неревидирани финансиски извештаи за 2014 година, ненавремено објавување на образложение кон неревидираните финансиски извештаи за периодот 01.01.-30.06.2015 и знеобјавување на образложение кон неревидираните финансиски извештаи за 2015 година |
| **ДС Смитх АД Скопје** | Јавна опомена | 15.06.2016 | ненавремено објавување на неревидираниот биланс на успех за периодот 01.01.-31.03.2016 |
| **Макстил АД Скопје** | Опомена | 15.06.2016 | необјавување на целосните материјали за Собрание на акционери најмалку 7 дена пред денот на одржување на Собранието |
| **Интернешнел хотелс АД Скопје** | Опомена | 28.07.2016 | ненавремено објавување на целосните материјали за Собрание на акционери најмалку 7 дена пред денот на одржување на Собранието |

- *Суспензија од котација*

На 28.07.2016 година, Одборот на директори на Берзата донесе Одлука за суспендирање од котација на акциите издадени од Топлификација АД Скопје во рок од 30 дена, поради непостапување согласно обврските за објавување пропишани во Правилата за котација на Берзата поврзани со случувањата на Собранието на акционери на Топлификација АД Скопје одржано на 19.07.2016 година. Дополнително, Одборот на директори на седницата одржана на 30.08.2016 година донесе Одлука за продолжување на суспендирањето од котација на акциите издадени од Топлификација АД Скопје имајќи го предвид фактот дека за времетраење на суспензијата до Берзата не беа доставени информации за настанување на околности заради кои Одборот на директори би оценил дека не е загрозена стабилноста на пазарот и

заштитата на инвеститорите и би ја укинал изречената суспензија од котација на акциите на Топлификација АД Скопје.

На седницата одржана на 15.09.2016 година Одборот на директори оцени дека изнесените децидни ставови од Топлификација АД Скопје испратени со допис до Берзата, претставуваат соодветно информирање за случувањата на Собранието на акционери од 19.07.2016 година, односно дека на ваков начин друштвото не постапува во спротивност со член 39 од Правилата за котација на Берзата со што се отстрануваат причините поради кои беа донесувани одлуките за суспензија од котација на акциите на ова друштво и одлучи да ги врати на котација акциите на Топлификација АД Скопје, на подсегментот Берзанска котација, почнувајќи од 20.09.2016 година.

- *Прекини на тргување*

| Назив на друштво | Преземена мерка | Датум | Причини |
|---|---|---|---|
| **Макотекс АД Скопје** | Времен прекин на тргување | 31.05.2016 | необјавувањето на содржината на предлог одлуките заедно со јавниот повик за свикување Собрание на акционери |
| **Тутунски комбинат АД Прилеп** | Времен прекин на тргување | 27.10.2016 | необјавувањето на содржината на предлог одлуките заедно со јавниот повик за свикување Собрание на акционери |

*4.4.2. Преземени мерки кон друштва котирани на подсегментот Задолжителна котација*

| Назив на друштво | Преземена мерка | Датум | Причини |
|---|---|---|---|
| **Карбо Нова АД Крива Паланка** | Опомена | 29.01.2016 | необјавување на содржината на донесените одлуки од Собранието на друштвото најдоцна пред почетокот на тргувањето на следниот ден на тргување после денот на нивното донесување |
| **ОКТА АД Скопје** | Опомена | 15.06.2016 | необјавување на содржината на донесените одлуки од Собранието на друштвото најдоцна пред почетокот на тргувањето на следниот ден на тргување после денот на нивното донесување |
| **Сигурносно стакло АД Прилеп** | Опомена | 15.06.2016 | необјавување на содржината на донесените одлуки од Собранието на друштвото најдоцна пред почетокот на тргувањето на следниот ден на тргување после денот на нивното донесување |
| **Трудбеник АД Охрид** | Опомена | 28.07.2016 | ненавремено објавување на неревидирани финансиски извештаи 2014 година, необјавување на неревидираните финансиски извештаи за 2015 и ненавремено објавување неревидираниот биланс на успех за периодот 01.01.-31.03.2016 година |
| **Благој Туфанов АД Радовиш** | Јавна опомена | 28.07.2016 | необјавување на неревидиран биланс на успех за периодот 01.01.-30.09.2015 година, неревидиран финансиски извештаи за периодот за 2015 година и неревидиран биланс на успех за периодот 01.01.-31.03.2016 година |

| Назив на друштво | Преземена мерка | Датум | Причини |
|---|---|---|---|
| **ЕМО АД Охрид** | Јавна опомена | 28.07.2016 | необјавување на неревидиран биланс на успех за периодот 01.01.-30.09.2015 година, неревидиран финансиски извештаи за периодот за 2015 година и неревидиран биланс на успех за периодот 01.01.-31.03.2016 година |
| **Современ дом АД Прилеп** | Јавна опомена | 20.10.2016 | ненавремено објавување на годишниот извештај за работењето и ревизорскиот извештај за 2014 година, необјавување на неревидирани финансиски извештаи за 2015 година и ненавремено објавување на годишниот извештај за работењето во 2015 година |
| **Агроплод АД Ресен** | Јавна опомена | 28.12.2016 | ненавремено објавување на неревидирани финансиски извештаи за 2015 година, необјавување на неревидираниот биланс на успех за периодот 01.01.-31.03.2016 година и ненавремено објавување на неревидираниот биланс на успех за периодот 01.01.-30.09.2016 година |

Согласно член 51 став (5) од Правилата за котација, Берзата ја извести Комисијата за хартии од вредност за изречените опомени кон издавачите котирани на подсегментот Задолжителна котација.

## 4.5. Објавени известувања преку СЕИ-Нет

| Објави на СЕИ-Нет во 2016 | Задолжителна котација | Супер и Берзанска котација | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Број на котирани друштва** | **80** | **29** | **109** |
| Објави поврзани со финансиски извештаи | 469 | 204 | 673 |
| Информации поврзани со Собрание на акционери и одлуки на органите на управување | 445 | 210 | 655 |
| Други ценовно чувствителни информации | 223 | 273 | 496 |
| **ВКУПНО** | **1137** | **687** | **1824** |

Од аспект на објавувањето на ревидираните финансиски извештаи од страна на котираните друштва, во вкупно 128 објави на СЕИ-НЕТ, од 114 котирани друштва во текот на 2016 година,обврската за објавување на целосните ревидирани годишни финансиски извештаи за 2015 година ја исполнија 109 друштва, освен друштвата ЕМО АД Охрид, ОХИС АД Скопје, Жито Вардар АД Скопје, Јака 80 АД Радовиш, Трудбеник АД Охрид и Карбо Нова АД Крива Паланка.

## 4.6. Останати активности во врска со котацијата

*4.6.1 Унапредување на изветувањата преку СЕИ-Нет кај котираните друштва*

Со цел дополнително да се олесни понатамошното навремено и целосно исполнување на обврските за објавување на финансиски и нефинансиски ценовно чуствителни информации согласно Правилата за котација, Берзата изготви "Календар на објави од страна на котираните друштва на Македонска берза", во кој се наведени роковите за објавување на различните видови на објави согласно одредбите од Правилата за котација. Истиот по пошта беше доставен до котираните друштва и по е-маил до лицата за контакт со Берзата и лицата со овластен пристап до СЕИ-Нет системот.

# 5. ЧЛЕНСТВО

## 5.1. Членки на Берзата

На почетокот на 2016 година, тргувањето со хартии од вредност се вршеше преку 10 членки на Берзата, но во последниот квартал од година, во членство на Берзата беше примена Шпаркасе банка Македонија АД Скопје, со што бројот на членки на Берзата на крајот од 2016 година изнесуваше 11, од кои 6 се банки, а 5 се брокерски куќи. Бројот на овластени брокери за тргување преку БЕСТ системот на крајот на овој извештаен период изнесуваше 36 брокери (без овластените брокери од Шпаркасе банка Македонија АД Скопје поради отпочнување на ефективното користење на правата од членство на оваа членка во 2017 година).

| **Состојби со статусот на членките на Македонска берза АД Скопје** | |
|---|---|
| • Број на членки на Берзата на почеток на 2016 година<br>• Број на овластени брокери на почетокот на 2016 година | **10**<br>**36** |
| | |
| • Број на членки на крај на 2016 година<br>• Број на овластени брокери на крајот на 2016 година | **11**<br>**36** |

Во продолжение е презентирана листа на членки на Македонска берза АД Скопје, со состојба на ден 31.12.2016 година:

| ЧЛЕНКА | ШИФРА |
|---|---|
| 1. Еурохаус АД Скопје | ЕХ |
| 2. Фершпед Брокер АД Скопје | ФР |
| 3. Инвестброкер АД Скопје | МИ |
| 4. Илирика Инвестментс АД Скопје | ИЛ |
| 5. Иново Брокер АД Скопје | ИН |
| 6. Комерцијална банка АД Скопје | КБ |
| 7. НЛБ Тутунска банка АД Скопје | ТН |
| 8. Еуростандард банка АД Скопје | ПТ |
| 9. Стопанска банка АД Скопје | СБ |
| 10. ТТК Банка АД Скопје | ТК |
| 11. Шпаркасе банка Македонија АД Скопје | СП |

## 6. НАДЗОР НА ТРГУВАЊЕТО

Во текот на 2016 година, Македонската берза АД Скопје континуирано ја спроведуваше функцијата на надзор над тргувањето со хартии од вредност, со цел одржување на ефикасен и стабилен пазар на хартии од вредност.

Првенствено, оваа активност подразбира редовно вонтеренско следење на тргувањето на Берзата и вонтеренска контрола на членките на Берзата и воочување на евентуални вонредни пазарни состојби, а врз основа на тоа и соодветни интервенции на Берзата во одредени ситуации.

На почетокот на 2016 година, Берзата презема активности кои што произлегоа од насоките на Одборот на директори на Берзата во врска со редовните теренски контроли извршени во периодот Октомври-Декември 2015 година. Насоките на Одборот беа во правец дека е потребно кај оние членки кај кои се констатирани наоди, односно каде се констатирани дејствија кои се карактеризираат како недозволени дејствија, Берзата да пристапи кон соодветно понатамошно постапување во согласност со Правилата за однесување и дисциплина. Согласно насоките, во Април 2016 година, Берзата испрати писма со укажување за постапување по наодите од извршена контрола до 4 членки.

Предлог-планот за контроли во 2016 година предвидуваше контролирање на членките првенствено преку перманентно следење на тргувањето и редовно спроведување на вонтеренски надзор на членките со помош на постојните софтверски алатки, како и теренски контроли во случаи на сериозни индиции за ризичноста на работењето на определени членки.

Согласно предвиденото во Предлог-Планот за контроли во 2016 година на Берзата, беа извршени две теренски контроли. По извршените контроли, Берзата ги достави изготвените записници до членките, при што забелешки по истите не се добиени.

Во последниот квартал од 2016 година, беше одржан состанок помеѓу претставници на Берзата, ЦДХВ и една членка на Берзата, а кој произлезе од извршената контрола на Берзата во таа членка, во рамките на која една од главните контролирани области беше работењето со резервациите на хартиите од вредност во ЦДХВ при продажни налози од клиенти. На состанокот беше разговарано за работењето со резервациите во ЦДХВ од страна на членката и беа разгледани евентуалните проблеми и потребите од подобрувања. После одржаниот состанок, Берзата испрати допис до членката, во кој уште еднаш укажа на неопходноста од целосно почитување на член 23, став 8 од Правилата за тргување на Берзата кој ја регулира обврската на членките на Берзата за задолжителна резервација на хартиите од вредност во овластен депозитар пред да се пристапи кон реализација на налог за продавање на хартии од вредност и беше дадена сугестија до членката во случај на соочување со определени нејаснотии при резервирањето на хартии од вредност во ЦДХВ, особено при работењето со групни сметки, како што во неколку наврати членката укажа на состанокот, потребно е истото да се разреши во соработка со Централниот депозитар. Воедно, беше напоменато дека Берзата во наредниот период засилено ќе го мониторира работењето на членката од аспект на резервирањето на хартии од вредност во ЦДХВ при продажни налози од клиенти.

Во четвртиот квартал од 2016 година, Одборот на директори донесе Одлука за усвојување на „Интерни процедури за начинот и постапката за вршење на надзор над тргувањето со хартии од вредност на Македонска берза АД Скопје“, во кои подетално се обработени начинот и постапката на вршењето на надзорот над тргувањето со хартии од вредност кој го врши Берзата, вклучително и директните (теренски) и индиректните (вонтеренски) контроли кои ги врши стручната служба на Берзата, а согласно Правилата за однесување и дисциплина на Берзата. Во овој материјал подетално се опишуваат активностите на надзор на пазарот и контрола над членките и брокерите кои ги врши Берзата во своето секојдневно работење, имајќи предвид однапред дефинирани параметри.

Понатаму, Интерните процедури за начинот и постапката за вршење на надзор над тргувањето со хартии од вредност на Македонска берза АД Скопје“ ги обработуваат постапките на вршење надзор, изготвувањето на „Надзорни белешки“ од страна на стручните служби на Берзата, комуникацијата со членките во рамките на постапката на прибирање на неопходни материјали и анализа, а воедно се подетално опишани постапките во рамките на вршењето на индиректни (вонтеренски) и директни (теренски) контроли врз членките од страна на Берзата, како и евентуалното продолжување со понатамошни постапки согласно Правилата за однесување и дисциплина на Берзата.

Исто така, во овој квартал беше одржан состанок на Постојаната работна група за развој на Правилата за тргување и системот за тргување на Берзата. На состанокот беа разгледани актуелните состојби на пазарот, а беше разговарано и за идните насоки во кои Берзата размислува да врши измени и дополнувања на Правилата за тргување, а кои ќе се вградат во Програмата за работа на Берзата за 2017 година. Воедно, на состанокот се разговараше и за проблемите со кои се соочуваат членките во своето работење и можностите за нивно надминување.

## 7. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКА И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА БЕРЗАТА

### 7.1 Пуштање во продукција на Broker Office кај сите членки

Во текот на 2016 година, Дирекцијата за информатичка и техничка поддршка интензивно работеше на пуштање во продукција на новата софтверска апликација за позадинско работење на членките на Берзата - Broker Office кај сите членки на Берзата. Имено, во текот на овој период апликацијата во целост беше пуштена кај сите членки на Берзата при што успешно беа реализирани сите фази од овој процес, како што се:

- Миграција на базата на податоци;
- Подготовка на шаблони за книжење;
- Паралелна работа на двата системи и тоа:
  - Фаза 1: Работа со стариот систем, праќање на налози преку Станица за тргување и пресретнување на податоците во Broker Office преку FIX протокол, затворање на денот на тргување преку двата системи и споредба на податоците.
  - Фаза 2: Работа со стариот систем, праќање на налози преку Broker Office, затворање на денот на тргување преку двата системи и споредба на податоците.
- Употреба само на Broker Office – пуштање во продукција на новиот систем.

Во продолжение е дадена табела со статусите на реализирани активности за секоја членка поодделно. Нецелосниот премин во продукција за сите членки се должи на фактот што членките кои што сеуште се во Фаза 2 од процесот ги немаат имплементирано интерфејсите за поврзување на нивниот примарен систем со на новиот систем за брокерско работење.

| Членка | Миграција | Фаза 1 | Фаза 2 | Продукција |
|---|---|---|---|---|
| Еуроахаус АД Скопје | Да | Да | Да | Да |
| Инвертброкер АД Скопје | Да | Да | Да | Да |
| Илирика инвестментс АД Скопје | Да | Да | Да | Да |
| НЛБ Банка АД Скопје | Да | Да | Да | Не |
| ТТК Банка АД Скопје | Да | Да | Да | Да |
| Стопанска Банка АД Скопје | Да | Да | Да | Да |
| Комерцијална Банка АД Скопје | Да | Да | Да | Не |
| Фершпед Брокер АД Скопје | Да | Да | Да | Да |
| Иново Брокер АД Скопје | Да | Да | Да | Да |
| Еуростандард Банка АД Скопје | Да | Да | Да | Не |

Во рамките на активностите за пуштање во употреба на новата апликација Broker Office, а со цел ефикасно давање на превентивното одржување, како и следење на активностите при реализација на истото, од страна на Берзата беше воспоставен систем за формирање на барања за превентивно одржување (issue tracing). Системот, покрај другите функционалности, има можност за прием на работен налог од страна на членката, доделување на истиот за реализација кај овластено лице од Берзата, следење на статусот на работниот налог, креирање на извештај за секој работен налог во кој се забележани сите активности за разрешување на проблемот.

Во текот на овој период паралелно се реализираше активна поддршка на членките кои веќе го употребуваат Broker Office, со користење на системот за формирање на барања за превентивно одржување, при што беа опфатени неколку сегменти и тоа:

- Консултација со членките за најразлични прашања поврзани со начинот на употреба да системот;
- Поправка на грешки кои произлегуваа од работењето;
- Евидентирање и поправка на багови во самата апликација и сл.

## 7.2 Старт на платформата за пренасочување на налози – СЕЕ Линк

Во текот на првиот квартал од 2016 година се работеше на тестирање на платформата за пренасочување на налози – СЕЕ Линк, при што во соработка со останатите берзи се тестираа сите модули на истата (Front End Application – FEA, FIX Interface, Administration, Monitoring). Во текот на тестирањето беа воочени низа на незначителни грешки кои беа отстранети од страна на добавувачот. После успешното тестирање платформата беше пуштена во употреба на 29.03.2016 година.

## 7.3. Активности за интегерација на СЕЕ Линк платформата во Broker Office

Паралелно со активностите за пуштање во продукција на системот за брокерско работење Broker Office, се реализираа и активности за интеграција на овој систем со платформата на СЕЕ Линк. Активностите се состоеја во тестирање на имплементацијата на комуникацискиот дел на Broker Office со СЕЕ Линк платформата (менаџирање на налози, прием на пазарни податоци и сл.), како и спецификација на некои нови функционалности кои се однесуваат на управувањето со портфолијата на клиентите за чие порамнување во странските депозитари членките користат т.н. омнибус сметки. За таа цел, беше изготвена спецификација која се имплементираше од страна на Бањалучката Берза како добавувач на апликацијата Broker Office. Ваквата имплементација обезбеди автоматизирано раскнижување и водење на евиденција за портфолиото на клиентот за пазарите поддржани од СЕЕ Линк, а со употреба на омнибус сметките со што трошоците за порамнување и администрирање на сметките ќе бидат значително намалени.

## 7.4. Замена на уредот за чување на податоци

Во текот на вториот квартал од 2016 година, поради дефект на едниот од уредите за чување на податоци, беше извршена набавка на нов ваков уред, при што стариот расипан уред беше заменет за нов со подобрени перформанси. Замената на стариот со нов уред не предизвика попречувања во работењето на Берзата.

### 7.5. Изработка на дневен извештај

Во текот на третиот квартал од 2016 година, за потребите на Секторот за административно - финансиски работи и односи со јавност, по претходно доставена спецификација беше изработен посебен извештај за приказ на дневни параметри од тргувањето со хартии од вредност како што се дневен промет, дневна пазарна капитализација и сл. Истиот почна да се изготвува и на англиски и на македонски јазик

### 7.6. Настанати прекини во комуникациите помеѓу Берзата и члнките

Во текот на месец август 2016 дојде до два непредвидени прекини во комуникациите помеѓу Берзата и членките, при што двата настани не се причинско последично поврзани еден со друг.

Првиот прекин се случи на 17.08.2016 година во 11:37 а се должеше на проблеми со VPN комуникациите хостирани на виртуелниот уред во виртуелен дата центар во neoCloud – Неоком. По пријавата на проблемот од страна на вработените во Берзата, дел од членките не беа во можност да пристапат кон системот за тргување БЕСТ. Овој прекин беше во траење од 32 минути, а за истиот Берзата доби извештај од страна на провајдерот на услугите. Во извештајот се наведени и чекори кои ќе бидат преземени за детална дијагностика и надминување на проблемите од овој тип во иднина.

Вториот прекин се случи на 18.08.2016 година во период од 09:54:39 до 09:57:41, а се работеше за проблем на централниот firewall уред на Берзата. Во текот на овој прекин беа афектирани сите членки, како и вработените во Берзата кои биле приклучени на БЕСТ системот во овој период. Проблемот беше релативно брзо откриен, а firewall системот се врати во нормален режим на работа за нешто повеќе од 3 (три) минути. За надминување на оваа состојба на почетокот на октомври 2016 беше извршена надградба на софтверот на firewall системот.

Во врска со наведените состојби беше изготвена посебна Информација која беше разгледана од Одборот на директори на Берзата и беа усвоени соодветни заклучоци.

### 7.7. Кадровски промени и склучени договори за поддршка

Со оглед на фактот што Дирекцијата за информатичка и техничка поддршка на почетокот од декември остана само со еден вработен, а со цел успешно менаџирање со ризиците во насока на нивно намалување, беа склучени два договори за техничка поддршка со провајдери од Македонија и Република Српска – договор за поддршка при одржување на Broker Office и Interkont и договор за активен мониторинг и поддршка во делот на хардверот и мрежната инфраструктура. Во меѓувреме интензивно се работеше на пополнување на испразнетото работно место и се пронајде соодветно кадровско решение, односно новиот вработен беше договорено да започне со работа од почетокот на 2017 година.

## 8. ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Активностите на Берзата во рамките на нејзиното нормативно работење во текот на 2016 година, сумарно се прикажани преку следните области:

### 8.1. Изменување и дополнување на важечки акти на Берзата и донесени нови акти

Со цел подобрување и ажурирање на текстовите на постоечките акти на Берзата од аспект на појасна и поефикасна имплементација на истите од страна на субјектите на кои се однесуваат и подобро организирање на секундарниот пазар на хартии од вредност, во текот на 2016 година беа направени или започна примената на измени во неколку акти на Берзата.

*8.1.1 Отопочнување на примена на измени на Тарифникот за берзата согласно Одлука бр. 02-124/1*

После добивање на согласност од Комисијата за хартии од вредност на Одлуката бр.02-124/1 од 06.10.2015 година за измени и дополнувања на Тарифникот на Берзата, почнувајќи од 09.03.2016 година започна да се применува Пречистениот текст на Тарифникот, во кој се инкорпорирани измените кои во најголем дел се однесуваа на менување или укинување на тарифни ставки за членство поради имплементација на новиот софтверски систем за брокерско работење на членките, усогласување на номиналната висина на одредени тарифни ставки и усогласувања на тарифни ставки со новите барања на странските партнери во доменот на дистрибуција на берзански податоци.

*8.1.2 Измена на Заклучокот во врска со постапување н членките при внесување на налози со антиципиран пораст или пад на цените*

Одборот на директори во месец Април 2016 година измени дел од Заклучокот од 23.11.2012 година кој се однесува на постапувањето на членките при внесување на налози со антиципиран пораст или пад на цената, во насока на подетално пропишување на неколку последователни чекори што Берзата ги презема при утврдување на внес на налог со антиципиран пораст или пад на цената од страна на членките, што произлезе од ситуации кои во минатото беа детектирани при практичното применување на овој Заклучок.

*8.1.3. Донесување на нова Политика за дистрибуција на берзански информации на Македонска берза АД Скопје*

Со цел систематизирано дистрибуирање на пакетите берзански информации од тргувањето со хартии од вредност и работењето на котираните компании кои Берзата ги нуди на корисниците, следење на современите трендови во дистрибуцијата на овие податоци, како и одговарање на барањата на поголемите дистрибутери на берзански информации, беше донесена нова Политика за дистрибуција на берзански информации. Во Политиката се прикажани сите пакети на берзански информации кои во моментот им се нудат на корисниците, предвидени се можности за нови видови на пакети кои во иднина би се изготвиле за потребите на корисниците и предвидена е одредена ценовна флексибилност на информационите продукти во зависност од интересите и стратегијата на Берзата.

## 8.2 Седници на Собранието на акционери на Берзата

*8.2.1. Седница на Годишно собрание на акционери на Берзата на 27.05.2016 година*

Седницата на Годишното Собранието се одржа на 27.05.2016 година и на истата беа усвоени: Годишниот извештај за работа на Македонската берза АД Скопје за 2015 година, Извештајот за работа на Одборот на директори за 2015 година, Финансиските извештаи за 2015 година и Програмата за работа на Македонската берза АД Скопје за 2016 година. Воедно, Собранието на акционери на Берзата ги донесе следните одлуки: Одлука за усвојување на годишната сметка на Македонска берза АД Скопје за 2015 година, Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје во 2015 година колективно и од аспект на поединечни членови, Одлука за именување на ревизор на финансиските извештаи на Берзата во 2016 година и Одлука за покривање на загуба по Годишна сметка за 2015 година. Согласно одредбите од Законот за трговски друштва, на акционерите на Берзата им беше доставен Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија на Берзата.

На седницата на Годишното Собранието на акционери на Берзата беше информирано дека Одлуката за зделка со заинтересирана страна која што беше донесена од Собранието на акционери на минатогодишната седница не се реализираше во изминатиот период, поради променети околности и несоздавање на планираните услови за реализација на купопродажбата на дел од деловниот простор на Берзата од страна на КИБС АД Скопје. Исто така, беше информирано дека Одборот на директори на

Берзата има донесено Одлука со која престана да важи Одлуката за продажба на дел од деловниот простор на Берзата, со што формално-правно се завршени сите претходно отпочнати активности поврзани со потенцијалната трансакција и истата се одложува до создавање на соодветни услови за тоа.

### *8.2.2. Седница на Собрание на акционери на Берзата на 28.11.2016 година*

Кон крајот на годината, на 28.11.2016 година беше одржана уште една седница на Собранието на акционери на Берзата. Потребата за свикување на оваа седница произлезе до фактот што мандатот на Одборот на директори истекуваше на 18.12.2016 година, но и поради некомплетниот состав на Одборот на директори после поднесената оставка од страна на еден од независните членови на Одборот, а оттука и неусогласеноста на составот на Одборот на директори со член 367 од Законот за трговски друштва и со член 77 од Законот за хартии од вредност. Со оглед на заклучокот на Одборот на директори донесен после поднесената оставка на еден од независните членови дека надминувањето на некомплетноста и законската неусогласност на составот на овој орган на Берзата најцелисходно би се надминало со целосен избор на нов состав на Одборот на директори поради истекување на мандатот на дотогашниот состав на 18.12.2016 година, беше донесена Одлука за свикување на седница на Собранието на акционери на Берзата, кое се одржа на 28.11.2016 година.

На оваа седницата на Собранието на акционери беше донесена Одлука за избор на членови на Одборот на директори на Берзата, согласно која за членови на Одборот беа избрани кандидатите од листата предложена од Одборот на директори, за која беше добиена поддршка од акционери кои имаат мнозинство гласови во Берзата. Воедно, Собранието на акционери донесе Одлука за утврдување на месечен надомест на неизвршните членови на Одборот на директори, согласно која месечен надомест за извршување на функцијата неизвршен член на Одборот на директори на Берзата ќе им биде исплатуван само на неизвршните членови кои не се акционери или вработени во акционери на Берзата.

## **8.3 Промени во составот на Одборот на директори на Берзата**

Во текот на 2016 година, составот на Одборот на директори беше менувам во два наврати, како поради пополнување на испразнето место, така и поради истекување на мандатот на дотогашниот состав на Одборот. Имено, кон крајот на месец Јули, поради смрт на г-динот Јане Миљовски, кој во рамките на Одборот на директори ја извршување функцијата неизвршен член, за вршител должност на неизвршен член на Одборот на директори беше избран г-динот Кирил Јовановски, со мандат до првото наредно Собрание на акционери на Берзата.

Дополнително, во текот на месец Септември, г-динот Влатко Илиевски поднесе оставка од функцијата независен член во Одборот на директори на Берзата, поради негово назначување на функција која е неспоива со членување во составот на Одборот на директори на Берзата.

Како што е претходно истакнато во овој Извештај, надминувањето на состојбата со некомплетниот состав на Одборот на директори и неговата неусогласеност со законските одредби, се направи со изборот на нов состав на Одборот на директори на седницата на Собранието на акционери одржана на 28.11.2016 година, поради истекување на мандатот на претходниот состав на Одборот на директори на 18.12.2016 година.

После одржувањето на седницата на Собранието на акционери, на 28.11.2016 година, беше одржана конститутивната седница на Одборот на директори, на која г-динот Коста Костовски беше избран за Претседател на Одборот, а г-динот Иван Штериев беше именуван за извршен член на Одборот, односно за Главен извршен директор.

Со оглед на фактот што извршувањето на функцијата директор на Берзата подлежи на согласност од Комисијата за хартии од вредност, на 01.12.2016 година, беше поднесено барање до Комисијата за

хартии од вредност за согласност за извршување на оваа функција од страна на г-динот Штериев и на 28.12.2016 година, со Решение бр. УП1 08-92 беше дадена потребната согласност од Комисијата.

## 8.4. Комуникација со Комисијата за хартии од вредност

### *8.4.1 Контрола од страна на Комисијата за хартии од вредност*

На 27.01.2016 година, Комисијата за хартии од вредност изврши редовна контрола над работењето на Берзата чија цел беше утврдување на вкупната пазарна капитализација на сите сегменти на пазарот на хартии од вредност на последниот ден на тргување во 2015 година, како основ за плаќање на надомест за надзор согласно важечкиот Тарифник на Комисијата за хартии од вредност. Врз основа на спроведената контрола, Комисијата за хартии од вредност изготви Записник бр.08-63/2 од 02.02.2016 година, согласно кој е утврдено дека вкупната пазарна капитализација на сите пазари на Берзата изнесува 125.074.432.709,00 денари.

На ден 29.02.2016 година, Комисијата за хартии од вредност изврши дополнителна непосредна контрола согласно Решението бр.08-63/4 од 26.02.2016 година, со цел проверка на состојбата на хартиите од вредност во БЕСТ системот на последниот ден на тргување на 2015 година и веродостојноста на прибавените листи при контролата на 27.01.2016 година. Во записникот од дополнителната контрола е утврдено дека после дадените објаснувања од страна на Берзата на одредени специфики при спроведување на Одлуката бр.02-1592/1 за проверка и ажурирање на состојбата во БЕСТ системот на хартиите од вредност што се тргуваат на подсегментот Слободен пазар, пазарната капитализација на Берзата на последниот ден на тргување е непроменета во однос на пазарната капитализација утврдена во записникот од првата контрола на 27.01.2016 година.

### *8.4.2. Известување на Комисијата согласно закон и подзаконски акти*

Во текот на 2016 година, со цел исполнување на обврските за известување пропишани со законските и подзаконските акти, Берзата редовно доставуваше дневни, неделни и месечни извештаи за своето работење до Комисијата за хартии од вредност, како и други акти, извештаи и известувања согласно законот. Воедно, покрај редовната комуникација, во текот на извештајниот период Берзата доставуваше други дополнителни дописи и известувања до Комисијата, како на барање на Комисијата за хартии од вредност, така и на своја иницијатива.

## 8.5. Други нормативни активности

### *8.5.1. Активности во врска со новиот софтверски систем за брокерско работење*

Во текот на извештајниот период, Берзата интензивно работеше на обезбедување услови за отпочнување на користење на новиот софтверски систем за брокерско работење, при што, согласно претходно утврден динамички план, интензивно се направи тестирање на софтверскиот систем, миграција на базите на податоци на членките, обезбедување на конечна верзија на софтверскиот систем од берзата од Бања Лука и потпишување на договорите за користење на истиот.

Во текот на процесот на имплементација на софтверскиот систем за брокерско работење кај членките на Берзата, беа спроведувани определени активности поврзани со продолжување на гаранцискиот рок на софтверскиот систем, како и обезбедување на технички услови за евентуално понатамошно користење на станиците за тргување и после отпочнување на користење на новиот софтверски систем (најдоцна до 01.03.2018 година).

До крајот на 2016 година, десет од вкупно 11 членки на Берзата преминаа на користење на новиот софтверски систем за брокерско работење, а кај последната членки активностите беа во завршна фаза.

*8.5.2. Активности во врска со проектот СЕЕ Линк*

Во почетокот на 2016 година беа интензивирани финалните активности од страна на берзите учеснички во проектот за регионално пренасочување на налозите за тргување СЕЕ Линк пред неговото формалното прогласување за оперативен на 29.03.2016 година. Во текот на месец Јануари, Берзата поднесе формална апликација за стекнување статус берза–учесник во регионалниот проект за пренасочување на налози за тргување СЕЕ Линк, после што следеше донесување на Одлука за прием на Македонска берза во СЕЕ Линк ДОО Скопје и потпишување на договор помеѓу Берзата и СЕЕ Линк ДОО Скопје за регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од статусот берза-учесник во регионалниот проект. Во текот на целиот извештаен период Берзата активно беше вклучена во сите активности поврзани со регионалниот проект за пренасочување на налозите за тргување како содружник во друштвото СЕЕ ЛИК ДОО Скопје кое го раководи проектот.

*8.5.3 Активности во врска со проверка и ажурирање на состојбата во БЕСТ системот на хартиите од вредност што се тргуваат на подсегментот Слободен пазар*

Пред крајот на 2016 година, беше актуелизирано прашањето за можните постапувања во врска со Одлука бр.02-1592/1 од 25.12.2015 година за проверка и ажурирање на состојбата во БЕСТ системот на хартиите од вредност што се тргуваат на подсегментот Слободен пазар и ефектите кои оваа Одлука ги има на пресметката на пазарната капитализација. Имено, потребата од расправа во врска со ова прашање произлезе од фактот што ажурирањето на состојбата на хартиите од вредност во БЕСТ системот согласно Одлуката бр.02-1592/1 треба да се прави еднаш годишно (на крајот на календарската година), но и поради добиениот допис од Комисијата за хартии од вредност 07.03.2016 година, во кој е наведено дека проверката и ажурирањето на состојбата во БЕСТ системот на хартиите од вредност што се тргуваат на подсегментот Слободен пазар, според мислење на Комисијата треба да се врши на секои три години.

Како резултат на сеопфатна дискусија по овие прашања, Одборот на директори донесе соодветен генерален заклучок во насока на тоа дека е потребно концептуално менување на начинот на кој Комисијата за хартии од вредност го пресметува надоместокот за надзор и потреба од нови, интензивни активности од страна на Берзата за надминување на овие состојби.

Исто така, беше заклучено дека Одлуката бр.02-1592/1 од 2015 година со која се врши отстранување на хартии од вредност од подсегментот Слободен пазар според утврдени критериуми конзистентно да се спроведе и во 2016 година. Истовремено, беше заклучено дека е потребно повторно да бидат преземени сите неопходни активности и кај сите надлежни институции да се иницира и изврши промена на сегашниот концепт на пресметка на надоместокот за надзор и да се преземат расположливите правни средства доколку при утврдување на пазарната капитализација на Берзата повторно биде вкалкулирана и т.н. пазарна капитализација на Слободниот пазар. Одборот на директори овие заклучоци ги донесе имајќи ги предвид општо прифатените меѓународни стандарди за пресметка на пазарната капитализација на берзите, повеќегодишната пракса на Берзата, како и важечкото нормативно решение од член 90, став 2 од Законот за хартии од вредност.

*8.5.4 Поднесен Полугодишниот извештај за работење на Дирекцијата за внатрешна ревизија на Македонска берза АД Скопје за период 01.01.2016 – 30.06.2016 година*

Согласно законските одредби, на седницата на Одборот на директори на Берзата одржана на 15.09.2016 година, неизвршните членови на Одборот на директори, во својство на надзорен орган на Берзата го разгледаа Полугодишниот извештај за работење на Дирекцијата за внатрешна ревизија за периодот 01.01.2016 – 30.06.2016 година. Во извештајот се опфатени извршените поединечни ревизии во текот на првото полугодие во 2016 година врз основа на метод на репрезентативен примерок на ревидираниот материјал избран по случаен избор и увид во документацијата поврзана со одредени активности од работењето на Берзата. Во врска со преземените ревизорски активности во првата половина од 2016

година и утврдените состојби и факти, постои разумно уверување дека активностите во врска со имплементација на новиот софтверски систем за брокерско работење се одвивале според претходно утврдени интерни планови, во законски усогласена правна рамка и со обезбедување на висок степен на професионализам и одговорност на директно инволвираните вработени од Берзата. Во рамките на спроведените ревизорски активности не е утврден ниеден случај на злоупотреба, неовластено постапување или изложување на ризик од страна на вработените во организационите единици на Берзата каде што беше спроведена ревизијата.

#### *8.5.5 Започнати активности за изработа на нов Кодекс за корпоративно управување на акционерските друштва*

Кон крајот на 2016 година, повторно се актуелизираше прашањето околу потребата од донесување на нов Кодекс за корпоративно управување на акционерски друштва, пред се поради фактот што моментално важечкиот Кодекс за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Берзата е донесен во 2006 година и истиот треба да се прилагоди со актуелните трендови во оваа проблематика како од концептуален аспект така и од формален аспект. Направена е проценка дека најцелисходно е изработката на Кодексот за корпоративно управување овој пат да се прави во соработка со Комисијата за хартии од вредност и Институтот на директори, со поддршка од локалната канцеларија на IFC во Скопје, со цел обезбедување на поширока поддршка и имплементација на новиот Кодекс.
Претставниците на наведените институции одржаа состаноци на кои беше изразена заинтересираноста на секоја институција за учество во работната група која ќе го подготви новиот текст, начинот на работење и координирање на работната група и беше усогласена временска рамка во која би се преземеле активностите за донесување на новиот Кодекс. По претходно утврдување на основните правила за работа при подготовка на кодексот, определување на содржината на кодексот и распределба на принципите кои треба да бидат опфатени во Кодексот помеѓу институциите во зависност од специјалноста во работење на секоја инволвирана страна, се отпочна со активна работа за создавање на текстот на новиот Кодекс. Во рамките на распределбата на работата, Берзата е одговорна за подготовка на текстот од новиот кодекс кој ќе се однесува на транспарентноста и известувањата на акционерските друштва. Согласно утврдената временска динамика, се очекува новиот Кодекс да биде изработен до средината на 2017 година.

## 8.6. Доставување одговори на поднесени барања и дописи

Во текот на оваа година, Берзата континуирано доставуваше одговори по доставени барања во општа управна постапка од надлежните органи и институции, како и од физички лица, кои во текот на извештајниот период во повеќе наврати се обраќаа до Берзата, претежно заради добивање на податоци за цени на склучени берзански трансакции и за пазарната вредност на хартии од вредност со кои се тргува на Берзата.

## 8.7. Судски и нотарски постапки

Врз основа на објави во Службен весник на Република Македонија за отворени стечајни постапки, во текот на 2016 година, Берзата поднесе пријави за своите побарувања кон должниците Трансбалкан АД Гевгелија, ОХИС АД Скопје, Жито Вардар АД Велес и ЕМО АД ОХРИД.

Во текот на 2016 година, Одборот на директори во неколку наврати расправаше за потешкотиите со кои Берзата се соочува при наплатата на побарувањата од некои котирани компании од Задолжителната котација по основ на годишен надомест за ова и донесуваше соодветни одлуки и заклучоци.

## 9. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ

### 9.1. Активности во рамките на Тренинг центарот на Македонска берза

#### *9.1.1. Одржани обуки*

Согласно планот за реализација на обуки во текот на 2016 година во рамките на Тренинг центарот на Македонска берза беа одржани следните обуки самостојно, или во соработка со партнерската институција PwC Академија:

- 30.05.2016 година – Законски обврски за секое друштво;
- 12-13.10.2016 година - Пазарите на капитал и лични финансии;
- на 17-18.11.2016 година - Промени во Меѓународни стандарди за финансиско известување (МСФИ 9, МСФИ 13, МСФИ 15, МСФИ 16).

#### *9.1.2. Проширување на соработката*

Берзата стапи во комуникација и ја анализираше можноста за поблискасоработка со NewMan's Business Accelerator, односно со нивната академија фокусирана кон sratup-i и организирање на обуки од областа на финансиите за таа таргет група.

### 9.2. Одржани предавања и презентации

- Со цел подигнување на финасиската писменост, особено кај младата популација, Македонска берза на континуирана основа остварува соработката со образовните институции во Република Македонија. Во тие рамки, во текот на 2016 година на Берзата беа организирани посети за средношколци и студенти од додипломски и постдипломски студии од повеќе средни училишта и факултети (средното економско училиште Арсени Јовков од Скопје, гимназијата Јосип Броз Тито од Битола, средното општинско училиште Јосиф Јосифовски од Гевгелија, Универзитетот Југоисточна Европа од Тетово, Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делечев“ во Штип) за време на кои учениците и студентите имаа можност да се запознаат со начинот на функционирање и со институционалната поставеност на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија, со посебен осврт на улогата и функцијата на Македонската берза. Посетителите имаа можност во живо да го проследат тргувањето преку електронскиот систем за тргување на Берзата – БЕСТ и да се информираат за начинот на којшто се реализираат купопродажните налози за дадени хартии до вредност.

- На покана на Правниот и Економскиот факултет при УКИМ Скопје претставници на Берзата во улога на гостин-предавач во текот на април, ноември и декември одржаа предавања за основните карактеристики на Македонската берза и на другите институции на пазарот на хартии од вредност, пазарните сегменти и начинот на тргување на Македонската берза, како и некои статистички параметри од тргувањето на Берзата.

### 9.3. Виртуелна берза – едукативен портал на Македонската берза

На крајот на првата половина од 2016 година заврши третиот циклус од едукативната игра што се организираше во рамките на порталот на Македонската берза **„Виртуелна берза“** во која учесниците имаа можност да се стекнат со практично искуство од вложување во хартиите од вредност што се тргуваат на Македонската берза. Берзата на тројцата најуспешни учесници во играта им додели

соодветни награди. Од 15.11.2016 година започна четвртиот циклус на Виртуелната берза кој ќе трае заклучно со 30.06.2017 година.

### 9.4. Практична настава за студенти

Согласно договорот што Берзата го склучи со Економскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" Скопје за соработка во делот на изведување на практична настава, еден студент од овој факултет во текот на месец јуни започна со реализирање на пракса, при што неговиот ангажман беше поврзан со ажурирање на финансиските податоци за котираните друштва содржани во базата на податоци на Берзата.

### 9.5. Други активности

- Во рамките на активностите што во извештајниот период ги презема Безрата во делот на имплементацијата на новата софтверска апликација за позадинско брокерско работење, беа одржани состаноци со претставници на членките на Берзата околу активностите што треба да се преземат од нивна страна за имплеметација на софтверот. Исто така, беа одржани детални обуки за вработените во членките за време на кои беа запознаени со начинот на работа и со функционалностите на новата софтверска апликација.

- Берзата со Комисијата за хартии од вредност и Институтот на директори договори продолжување на соработката со овие институции во делот на одржување на обуки наменети за корпоративни секретари.

## 10. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

### 10.1. Одбележување на 20 годишнината од првиот ден на тргување на Берзата

Главна промотивна активност на Берзата во текот на извештајниот период беше прославата за одбележување на 20 години од првиот ден на тргување на Берзата. Македонската берза овој јубилеј го одбележа со свечена академија што се одржа на 28.03.2016 година во хотелот А. Палас во Скопје пред голем број присутни гости од земјата и странство, претставници од финансискиот и бизнис секторот и регулаторните тела. За време на настанот беше прикажана видео монографијата и на присутните гости им беше поделена печатена монографија насловени „20 години Македонска берза". На свеченоста на одреден број правни и физички лица Берзата им додели соодветни плакети.

### 10.2. Годишна конференција на Македонска берза

- 17-та Годишна конференција на Берзата се одржа на 29.03.2016 година во Скопје. Централен настан на конференцијата беше пуштањето во употреба на регионалната платформа за пренасочување на налози за тргување СЕЕ Линк во присуство на директорите на берзите учеснички во проектот (Бугарската, Загребската и Македонската берза) и претставници на Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) со чија финансиска поддршка се разви оваа палтформа.

- За време на одржувањето на 17-та Годишна конференција на Македонска берза по деветти пат беа доделени наградите "Кристално ѕвоно" за најтранспарентните котирани друштва на Берзата. Изборот на добитниците на наградата за најтранспарентни котирани друштва се изврши согласно

добиените мислења од страна на преставници на следниве две целни групи: „Јавност“, во која влегуваат претставници на медиумите и експерти од областа на финансиите и „Пазарни учесници“, во која влегуваат претставници на членките на Берзата, претставници на институционалните инвеститори и претставници на Берзата. Согласно оценките на Изборната комисија од вкупно котираните 114 акционерски друштва, за најтранспарентни котирани друштва на Македонската берза за 2015 година се избраа: Комерцијална Банка АД Скопје (прво место), Алкалоид АД Скопје (второ место) и НЛБ Тутунска банка АД Скопје (трето место).

- Исто така, за остварувањата коишто овластените учесници на македонскиот пазар на хартии од вредност ги имаа постигнато во вкупниот промет и вкупниот број на транскации реализирани на Берзата во текот на 2015 година беа доделени награди на Илирика Инвестментс АД Скопје за освоено прво место, Комерцијална банка АД Скопје, за освоено второ место и НЛБ Тутунска банка АД Скопје и Еурохаус АД Скопје за освоено трето место.

## 10.3. Одржана дебата „ Државите и пазарот на капитал “

Во организација на Македонска берза АД Скопје и бизнис магазинот „Економија и бизнис“ на 01.11.2016 година се одржа втората дебата насловена “Државите и пазарот на капитал“. Учесниците во дебатата, меѓу другото, истакнаа дека за да се постигне еден континуиран раст и развој на пазарот на капитал треба да се утврдат долгорочните цели и стратегии, а тоа да биде потпомогнато и координирано од страна на едно заедничко координационо тело составено од претставници од регулаторни тела, институции и други значајни чинители од пазарот на капитал. Видео снимка од дебатата беше објавена на YouTube.

## 10.4. Промоција на македонскиот пазар на хартии од вредност

Во рамките на континуираните активности за промоција на македонскиот пазар на хартии од вредност на разни регионални и меѓународни настани од областа на пазарот на капитал, во текот на 2016 година беше остварено учество на следниве настани:

- На 03.11.2016 година во Белград се одржа шестата регионална инвеститорска конференција во рамките на годишната конференција на Белградската берза. Како претставници на македонскиот пазар на капитал на овој настан беа Алкалоид АД Скопје и Комерцијална банка АД Скопје кои имаа можност да остварат повеќе директни средби и да го презентираат своето работење пред бројни реномирани меѓународни инвеститори.

- Почнувајќи од 17.08.2016 година случувањата на Македонската берза станаа дел од анализата на регионалните берзи што на дневна основа ја изготвува InterCapital Securities од Хрватска, којштo и официјално стана партнер на СЕЕ Линк ДОО Скопје во делот на анализа на случувањата на пазарите на хартии од вредност од регионот. Со оваа анализа се опфатени пазарите на капитал во Словенија, Хрватска, Романија, Србија, Бугарија и Македонија, а истата содржи податоци за дневните перфомански на берзите и најликвидните хартии од вредност, како и за позначајните корпоративни активности на секој пазар.

- Со цел податоците за дневните случувања на македонскиот пазар на хартии од вредност да бидат подостапни на што поголем број на меѓународни институционални инвеститори, од месец септември 2016 година Берзата започна со изработка на англиска верзија на извештајот „Дневен преглед“. Овој преглед се дистрибуира по електронски пат до голем број на брокерски куќи членки на Бугарската, Белградската и Загребската берза и Љубљанската берза. Од октомври Берзата започна со изработка на македонска верзија на овој преглед и дистрибуција на членките на Берзата, домашните институционални инвеститори и медиумите.

**10.5. Соработка со медиуми**

- Во мартовското издание на магазинот „Економија и бизнис“, како и во неделниот магазин „Капитал“ беа објавени интервјуата на Главниот извршен директор на Берзата, а на 31.03.2016 Главниот извршен директор беше гостин во емисијата „Економски магазин“ што се емитува на телевизија Алсат, при што тој даде осврт на актуелните состојби на македонскиот пазар на капитал, како и на перспективите од поврзувањето со берзите од регионот преку платформата за прекугранично тргување СЕЕ Линк.

- Во текот на првиот квартал од 2016 година продолжија активностите за претставување на котираните акционерски друштва во порталот Фактор започнати кон крајот на 2015 година. Ова претставуваше дел од активностите што Берзата ги презема во пресрет на одбележувањето на јубилејот 20 години од првиот ден на тргување. Во текот на извештајниот период беа претставени шест компании: Витаминка АД Прилеп, Прилепска пиварница АД Прилеп, Стопанска банка АД Скопје, ТТК банка АД Скопје и Цементарница УСЈЕ АД Скопје, при што беа презентирани податоци од тргувањето со нивните акции, финансиските податоци и показатели, а беше објавено и интервјуто со раководни лица во овие друштва.

**10.6. Промоција на продуктите на Берзата**

Во извештајниот период беа преземени низа активности за промовирање на продуките на Берзата Бестнет и Бестнет Аналитика: се изработи брошура и кратка видео презентација за БестнетАналитика која беше поставена на веб страницата на Берзата; брошурите се дистрибуираа по членките на Берзата; беа остварени низа средби со претставници на банки, осигурителни друштва и други потенцијални корисници на продуктите.

**10.7. Други настани**

Во организација на Комисијата за хартии од вредност на 05.11.2016 година во Маврово се одржа средба на претставници на регулаторот, членките на Берзата, друштвата за управување со инвестициски фондови, Македонската берза и Централниот депозитар.

**10.8. Комерцијално огласување на веб страната на Берзата**

Во текот на извештајниот период беше продолжен договорот со Комерцијална банка АД Скопје за закуп на позиција за рекламирање на банер на банката на интернет страницата на Берзата.

## 11. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во текот на 2016 година активностите на Берзата на регионално и меѓународно ниво беа фокусирани кон следниве пунктови:

## 11.1. Активности поврзани со регионалниот проектот за пренасочување на налози за тргување - СЕЕ Линк

*11.1.1 Официјален почеток на проектот*

Проектот за регионално пренасочување на налози за тргување СЕЕ Линк од 29.03.2016 година стана оперативен, а промоцијата на официјалниот почеток со работа на платформата беше одржана во рамките на Годишната конференција на Македонска берза во Скопје.

*11.1.2. Приклучување на нови членки*

- Во текот на втората половина од 2016 година активностите во делот на СЕЕ Линк главно беа носочени кон финализирање на постапката за прием и активно вклучување во проектот на берзите од Белград и Љубљана. За таа цел работните групи составени од претставници на трите берзи (функционална, IT и маркетинг група), како и надзорниот комитет на проектот, составен од директорите на берзите и професионално ангажираниот проект менаџер, одржаа серија состаноци по Skype. Исто така, надзорниот комитет оствари средби за време на настани одржани во Софија и Белград. Љубљанската и Белградската берза станаа учесници во СЕЕ Линк на почетокот на месец декември 2016 година. Уште три берзи преземаат активности за прилкучување кон СЕЕ Линк: Атинската, Бањалучката и берзата од Подгорица, а уште неколку берзи од регионот имаат интерес за пристапување на проектот.

- Во однос на бројот на брокерски куќи коишто го остваруваат правото на членство моментално во СЕЕ Линк има 30 членки од кои: 9 се од Бугарија, 10 се од Хрватска, 8 од Македонија и 3 од Србија. Системот за регионално пренасочување на налозите за тргување сега поддржува тргување на вкупно пет пазари, со пазарна капитализација од повеќе од 38,5 милијарди долари и повеќе од 500 акции со кои може да се тргува. Во текот на 2016 година се регистрирани и првите трансакции преку оваа платформа.

- Во текот на месец јули Македонската берза оствари средба со претставници на Атинската берза (по нивно барање) и беа водени разговори околу нивното приклучување во СЕЕ Линк и можностите за интензивирање на соработката помеѓу двете берзи во доменот на склучување и порамнување на трансакциите со хартии од вредност.

*11.1.3. Промоција на првите СЕЕ Линк индекси*

Во текот на месец април 2016 година беа промовирани првите два акциски индекси во рамките на регионалната платформа СЕЕ Линк и тоа: SEE LinX и SEE LinX EWI кои се креирани со цел да ја подобрат видливоста на регионалните пазари. Во составот на индексите влегуваат акциите на 10-те најликвидни компании коишто котираат на трите берзи учеснички и тоа: пет од Хрватска, три од Бугарија и две од Македонија (Комерцијална банка АД Скопје и Алкалоид АД Скопје).

*11.1.4. Потенцијална соработка со Raiffeisen bank од Австрија*

Во текот на извештајниот период беа остварени неколку средби со претставници на Raiffeisen bank од Австрија со цел утврдување на можностите за нивно можно инволвирање во прекугранично порамнување на трансакции склучени преку СЕЕ Линк платформата, кои би се однесувале и за македонскиот пазар. Во врска со ова се оствари интензивна комуникација со Централниот депозитар за хартии од вредност.

## 11.2. Учество на меѓународни и регионални настани

Во рамките на континуираните активности за промоција на македонскиот пазар на хартии од вредност на разни регионални и меѓународни настани од областа на пазарот на капитал, претставници на Македонската берза зедоа учество на следниве настани:

- Инвестициски самит на Европската банка за обнова и развој (што се одржа во месец февруари) и Светски берзански конгрес (во месец март), настани што се одржаа во Лондон. На Светскиот берзански конгрес Главниот извршен директор на Берзата беше поканет, заедно со директорите на берзите од Белград и Софија, да земе учество како панелист на тркалезната маса посветена на актуелното регионално поврзување на берзите во Југоисточна Европа.

- Форумите „Sound of money“ во организација на порталот Profit.bg и инвестициски форум на INVESTOR.BG одржани во мај и ноември во Софија.

- Годишните конференции на Загребската берза и Белградската берза (во октомври и ноември 2016 година).

- По повод прославата на 20 годишнината од основањето на Централниот депозитар на Република Бугарија во месец октомври во Софија се одржа конференција на која на панелот „Развој на регионалната соработка во областа на доброто корпоративно управување“ учествуваше и Главниот извршен директор на Берзата.

## 11.3. Промена на статусот на членување во Федерацијата на Евроазиски берзи

Со оглед на промената што настана во начинот на функционирање и финансирање на Федерацијата на Евроазиски берзи (ФЕАС), појавата на финансиски проблеми, како и можноста од повлекување од федерацијата на неколку европски берзи, а согласно заклучокот донесен од страна на Одборот на директори на Берзата, беше доставен допис до Секретаријатот на Федерацијата со барање за промена на статусот на полноправна членка во статус на членка набљудувач, при што за Македонска берза нема да постојат финансиски обврски кон Федерацијата во наредните 3 години.

## 11.4. Други активности

Поради раскинување на договорот за закуп со закупецот кој користеше дел од деловниот простор на Берзата во период од 2009 година на негово барање, во последниот квартал од 2016 година беа преземени активности за издавање на овој пртостор под закуп. На крајот на месец декември 2016 година Берзата склучи договор за закуп со една домашна софтверска фирма, но со оглед на моменталните влошени пазарни услови на пазарот на недвижности, а во рамките на насоките добиени од страна на Одборот на директори, просторот е издаден на една година со можност за автоматско продолжување по цена пониска од досегашната.

# 12. ПОДАТОЦИ ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ПРИМАЊАТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА БЕРЗАТА

Податоците во врска со вработувањата и членувањето на неизвршните членови на Одборот на директори на Берзата во органи на управување на трговски друштва се прикажани во следнава табела:

| Име и презиме | Работодавец / Дејност | Членство во органи на управување на трговски друштва |
|---|---|---|
| Коста Костовски | Еуростандард Банка АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Македонска Берза АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори;<br><br>Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори;<br><br>Негорски Бањи АД Негорци, неизвршен член на Одбор на директори; |
| Тони Стојановски | Стопанска банка АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Стопанска банка АД Скопје, член на Управен Одбор<br><br>Македонска Берза АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори; |
| Михајло Брова Зиков | Комерцијална банка АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори; |
| Петар Трпески | Шпаркасе банка Македонија АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори; |
| Кирил Јовановски | Економски факултет при Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје | Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори; |
| Иван Мишев | Адвокатско друштво Папазовски Мишев | Македонска берза АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори; |
| Горан Анастасовски | КИБС АД Скопје<br>Дејност: Платни системи | Македонска берза АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори; |

Согласно Одлуката бр.02-1786/1 од 18.12.2012 година и Одлуката бр.02- 1461/1 од 28.11.2016 година, Македонска берза АД Скопје исплаќа месечен на надоместок за учество во работата на Одборот на директори единствено на неизвршните-независни членови, односно на неизвршните членови кои не се акционери или вработени во акционери на Берзата.

Примањата за 2016 година на неизвршните-независни членови на Одборот на директори, односно неизвршните членови кои не се акционери или вработени во акционери на Берзата за извршување на функцијата во Одборот на директори на Берзата изнесуваат 12.000 денари нето месечно, по член.

Берзата на сите неизвршни членови на Одборот на директори во 2016 година им нема исплатено други надоместоци за членување во Одборот на директори по основ на бонуси, осигурување и други права.

Неизвршните членови на Одборот на директори на Берзата немаат остварено надоместоци од членувањето во органите на управување на другите трговски друштва од табелата погоре, освен г-динот Тони Стојановски, чиј надоместоци по овој основ, како и надоместоците по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата како и бонуси, осигурувања и други реализирани права кај работодавецот се соодветно прикажани во годишниот извештај на Стопанска банка АД Скопје.

Годишните нето примања за 2016 година на останатите неизвршни членови на Одборот на директори на Берзата по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата кај соодветниот работодавец и по основ на бонуси, осигурувања и други реализирани права кај соодветниот работодавец се следните редоследно според табелата погоре: 2.286.814 денари, 1.161.111 денари, 1.532.076 денари, 898.914 денари и 954.064 денари.

Главниот извршен директор не членува во органи на управување на други трговски друштва, а податоците за остварените примања од Берзата за 2016 година се прикажани во глава 13 од овој Извештај.

Податоците за надоместоците и примањата на членовите на Одборот на директори се базираат на податоците што секој член на Одборот на директори лично ги достави до Берзата.

## 13. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2016 ГОДИНА

Во 2016 година Македонската берза АД Скопје оствари **вкупни приходи** во износ од **30.383.392 денари** и истите се за 4,6% повисоки во споредба со приходите остварени во 2015 година, што се должи на повеќе остварени приходи од надоместоци за членство и од тргување оваа година во споредна со лани.

**Приходите остварени од камата** изнесуваат **1.192.731 денари** и претставуваат 3,9% од вкупните приходи. Овој износ е по основ на камата на орочени депозити кај банки. Намалувањето на овие приходи од 23,9% во однос на претходната година се должи на мало намалување на депозитите во 2016 година (за 1 милион денари) во однос на 2015 година, како и дополнително намалените каматни стапки во текот на 2016 година. На 31.12.2016 година Берзата има денарски депозити орочени на 12 и 24 месеци во следните банки: Комерцијална банка АД Скопје (10 милиони денари), Стопанска банка АД Скопје (10 милиони денари), Еуростандард банка АД Скопје (10 милиони денари), Халкбанк АД Скопје (10 милиони денари), УНИ банка АД Скопје (9 милиони денари) и Охридска банка АД Скопје (8,5 милиони денари), со каматни стапки што се движат од 1,8% до 2,6%. Воедно, Берзата поседува 118.949,2896 удели во паричниот фонд на КБ Публикум Инвест чија вредност на 31.12.2016 година изнесува 14.222.207,50 денари. Како резултат на усогласување на објективната вредноста на уделите се остварени приходи во износ од 342.862 денари. Збирно од вложувања во финансиски инструменти е остварен приход од 1.535.593 денари, наспроти ланските 1.927.324 денари.

**Приходите по основ на провизии и надоместоци** изнесуваат **23.438.082 денари** и се за 6,7% повисоки во однос на истите во 2015 година. Подолу подетално се презентирани сите видови приходи во оваа категорија и тоа:

- Остварени се приходи по основ на **надоместоци за членство** во вкупен износ од **3.381.500 денари** и истите се состојат од членарини, надоместоци за користење на БЕСТ системот, надоместоци за користење на Берза-Нет, надоместоци за комуникациско поврзување со Централниот депозитар за хартии од вредност, надоместоци за користење на станици за набљудување и слично. Кај овие приходи е остварено зголемување од 27% во споредба со минатата година поради наплатените еднократни надоместоци за прием на две членки. Овие приходи учествуваат со 11,1% во вкупните приходи.

- Од **надомест за тргување** во 2016 година се приходувани **11.806.582 денари** што претставува 38,9% од вкупните приходи во 2016 година. Овие приходи во 2016 година се за 9,9% поголеми во однос на остварените во 2015 година, што се должи на зголемениот промет со акции и блок трансакции на Берзата во 2016 година во споредба со 2015 година. Кај приходот по основ на надомест за тргување со акции по основ на склучени трансакции во БЕСТ системот е забележано зголемување од 21,1% (од 5.025.700 денари во 2015 година на 6.087.948 денари во 2016 година).

Остварениот приход од берзанска провизија кај блок трансакциите, исто така, бележи зголемување од 27,3% (од 2.389.546 денари во 2015 година на 3.041.694 денари во 2016 година), додека приходот од тргувањето при јавни берзански аукции бележи големо релативно зголемување од 78,9%, но како апсолутен износ е доста низок (во 2015 изнесува 76.043 денари, а во 2016 година 136.038 денари). Само приходите од берзанска провизија од тргување со обврзниците бележат пад од 21,2% (од 3.209.225 денари во 2015 година на 2.530.462 денари во 2016).

- Остварени се приходи по основ на **надомест за котација** во износ од **8.250.000 денари** или 27,2% од вкупните приходи. Годишен надомест за котација е фактуриран на вкупно 110 акционерски друштва што во текот на 2016 година котираа на Официјалниот пазар на подсегментите Супер котација, Берзанска котација и Задолжителна котација.

Во 2016 година Берзата оствари **останати приходи од дејност** во износ од **5.409.717 денари**, што се за 4,9% повисоки во споредба со истите во 2015 година. Во останати приходи од дејност спаѓаат приходи остварени по основ на издавање на деловен простор, закуп на медиумски простор, приходи од дистрибуција на берзански податоци, приходи по основ на сомнителни и спорни побарувања, приходи по основ на користење на веб страна на Берзата, приходи од обуки и други приходи. Најголемо учество во останатите приходи од дејност имаат приходите од дистрибуција на берзански податоци во износ од 2.291.199 денари (истите во 2015 година изнесуваа 2.158.649 денари), приходи по основ на издавање на деловен простор во износ од 1.806.089 денари (остварени се 1.709.370 денари во 2015 година), приходи од 465.000 денари по основ на користење на веб страницата на Берзата за објави согласно закон (во 2015 година по овој основ се остварени 46.500 денари), приходи од закуп на медиумски простор во износ од 251.389 денари (во 2015 година приходите по овој основ изнесуваа 269.692 денари), приходи од одржување на обуки во износ од 131.997 денари (во истиот период лани изнесуваа 300.212 денари) и приходи од наплата на отпишани побарувања од 367.725 денари и други приходи во висина од околу 80.000 денари.

**Вкупните расходи** остварени во 2016 година изнесуваат **30.448.398 денари** и истите се за 10,4% пониски од остварените во 2015 година кога изнесувале 34.000.919 денари. Доколку се изврши прилагодување на вкупните расходи во 2016 и 2015 година за износот на регулаторниот трошок, расходите во 2016 година изнесуваат 22.943.934 денари и истите се за 0,8% пониски во споредба со вкупните расходи во 2015 година (23.131.571 денари).

Во 2016 година за **провизии и надоместоци** направени се расходи во износ од **7.573.482 денари**, што претставува 24,9% од вкупните трошоци. Овие трошоци се направени за плаќање на банкарски провизиии и, пред се', за надоместот за надзор што Берзата го плаќа на Комисијата за хартии од вредност во висина од 0,006% од пазарната капитализација на сите сегменти на пазарот на последниот ден на тргување од претходната година. На 27.01.2016 година Комисијата за хартии од вредност изврши контрола на работењето на Берзата со цел утврдување на пазарната капитализација којашто ќе биде основ за пресметка на надоместот за надзор на Берзата во 2016 година. Со Записник од извршената контрола Комисијата ја извести Берзата дека вкупната пазарна капитализација изнесува 125.074.432.709 денари, од што произлегува дека вкупниот износ на надомест за надзор изнесува 7.504.464 денари за 2016 година, што е за 30,9% понизок во однос на остварениот истиот период лани. Со оглед на тоа, месечниот надомест за надзор кон Комисијата за хартии од вредност во 2016 година изнесуваше 625.372 денари.

**Трошоци за вработени** во 2016 година изнесуваат **12.030.045 денари** и се состојат од бруто плати и останати користи за вработени. Истите изнесуваат 39,5% од вкупните расходи и се за 3,9% пониски во однос на 2015 година, што се должи на трансформација на работниот однос на еден вработен на пола работно време, како и на заминувањето на еден вработен на крајот на месец ноември 2016 година. Бруто платата на извршниот член на Одборот на директори изнесува 3.265.443 денари.

**Амортизацијата** на средствата е пресметана во износ од **3.133.487 денари**, што претставува 10,3% од вкупните расходи и е за 9,3% пониска во споредба со 2015 година што се должи на целосната амортизација на некои основни средства. Оваа ставка се однесува на амортизација на нематеријални средства, деловниот простор и опремата. Амортизацијата на основните средства е пресметана со праволиниска метода, согласно усвоените сметководствени политики на Берзата.

Во 2016 година **исправката на вредност на побарувањата** изнесува **756.601 денари**. Согласно Сметководствените политики на Берзата за побарувањата што Берзата ги има по основ на неплатен надомест за котација за 2013, 2014 и/или 2015 година, и за друштвата за кои во 2016 година е отворена стечајна постапка (во 100% износ), пресметана е исправка на вредност на побарувања во износ од 605.251 денари. Дополнително, за вкупно четири друштва коишто од воведувањето на задолжителната котација во 2013 година воопшто ги немаа подмирено своите обрски по основ надомест за котација, согласно член 18, став 4 од Сметководствените политики на Берзата, направена е исправка на 50% од тековните побарувања (за 2016 година) во вкупен износ од 150.000 денари.

**Останатите расходи** од дејност изнесуваат **6.784.143 денари** и се за 14,8% повисоки во однос на остварените во 2015 година, што се должи на трошоците за организација и реализација на јубилејната прослава "20 години Македонска берза" и 17-та Годишна конференција на Берзата. Останатите расходи во вкупните расходи учествуваат со 22,3% и се однесуваат на следните ставки:

- **Материјалните и слични трошоци** изнесуваат 1.739.941 денари или 5,7% од вкупните расходи (трошоци за електрична енергија, парно греење, весници, стручна литература, хигиена, канцелариски материјал и слично). Истите се за 5,5% повисоки во споредба со остварените во 2015 година.

- **Трошоците за услуги** изнесуваат 3.307.533 денари и истите учествуваат со 10,9% во вкупните расходи. Во рамките на трошоците за услуги позначајно учество имаат услугите за тековно одржување на опремата во износ од 980.850 денари, трошоците за јубилејната прослава и годишната конференција на Берзата во износ од 714.620 денари, телефонските и комуникациските услуги и услуги за интернет во износ од 569.300 денари. Останатите трошоци за услуги се направени за услуги за ревизија на финансиските извештаи, за поштарина, за обезбедување, консултантски услуги и слично. Истите се за 20,7% повисоки во споредба со трошоците за услуги остварени минатата година.

- **Трошоците за надомест за Одборот на директори** изнесува 426.668 денари и тие изнесуваат 1,4% од вкупните расходи. Согласно важечката одлука на Собранието на акционери на Македонска берза АД Скопје месечен надоместок за учество во работата на Одборот на директори на Македонска берза се исплатува само за неизвршните членови кои не се акционери или вработени во акционери на Берзата.

- За **службени патувања** во текот на годината се направени трошоци во износ од 273.666 денари и истите се 54,7% од планираните за 2016 година.

- **Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда** изнесуваат 550.842 денари и претставуваат 1,8% од вкупните расходи. Овие трошоци се за 52,6% повисоки од остварените во 2015 година и произлегуваат од активности поврзани со реализацијата на јубилејната прослава и годишната конференција на Берзата.

- **Трошоци за осигурување** се направени во висина од 165.885 денари. Се однесуваат на осигурување на деловниот простор, опремата, мебелот и осигурување на вработени и извршниот директор и се за 6,5% повисоки во споредба со 2015 година.

- За **Други трошоци**, направени се трошоци во износ од 319.608 денари и истите учествуваат со 1% во вкупните расходи. Овие расходи се направени за данок на имот, членарини во Федерација

на Евроазиски берзи (ФЕАС), членарина за Американска Стопанска комора, членарини за бизнис кредитни картички, трошоци за судски и административни такси и слично.

- **Уделот во загубата на заедничкото вложување** на Македонската берза во СЕЕ Линк ДОО Скопје изнесува 170.180 денари и претставува 33,33% од вкупната загуба на друштвото.

- **Нето загуба од курсни разлики** е остварена во висина од 460 денари.

* * *

Како резултат на повеќе остварени расходи од приходи, Берзата по Годишната сметка за 2016 година оствари **загуба** во износ од **65.005 денари**.

* * *

**Вкупната актива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2016 година изнесува **141.301.412 денари.** Во структурата на активата најликвидните средства (парични средства, орочени депозити во банки со рок на разорочување од три дена, вложување во удели во отворен инвестициски фонд) учествуваат со 51% што придонесува за финансиска стабилност на Берзата. Влогот на Македонската берза во заедничкото друштво СЕЕ Линк ДОО Скопје основано заедно со берзите од Загреб и Софија во 2016 година е во износ од 1.409.859 денари. Овој износ претставува 1/3 од основната главнина на друштвото. Учеството на основните средства материјални и нематеријални (62.842.257 денари) изнесува 44,5% од вкупната актива, а побарувањата и одложените приходи изнесуваат 4.891.017 денари или 3,5% од вкупната актива. Од вкупните ненаплатени побарувања со состојба на 31.12.2016 година, најголемиот дел се однесува на побарувањата за надомест за котација (2.059.686 денари) и побарувањата за надоместоците за тргување и членство од членките на Берзата за месец декември 2016 година што доспева за плаќање на 15.01.2017 година (1.012.974 денари).

**Вкупната пасива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2016 година изнесува **141.301.412 денари.** Вкупните обврски на 31.12.2016 година изнесуваат 1.828.883 денари. Од тоа обврските кон добавувачи изнесуваат 1.120.466 денари, а разграничените приходи во идни периоди изнесуваат 322.587 денари.

Капиталот и резервите на Македонска берза АД Скопје на 31.12.2016 година изнесуваат 139.472.529 денари. Од тоа запишаниот капитал изнесува 103.497.760 денари, резервите 35.647.941 денари, загубата за финансиската година во износ од 65.005 денари и задржаната добивка во износ од 391.834 денари.

**Одбор на директори** **Скопје, Март 2017 година**

**П р е т с е д а т е л**

**Коста Костовски**

## П Р И Л О Г

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА
**на ден 31.12.2016 година**

**АКТИВА**

**во денари**

| Назив | 2015 | 2016 | Индекс 2016/2015 |
|---|---|---|---|
| **1. Парични средства и парични еквиваленти** | **508.942** | **291.527** | **57** |
| **2. Кредити на и побарувања од банки** | **59.118.006** | **57.644.544** | **98** |
| Депозити | 58.502.000 | 57.501.000 | 98 |
| Останати побарувања | 616.006 | 143.544 | 23 |
| **3. Вложувања во сопственички инструменти** | **11.479.346** | **14.222.208** | **124** |
| **4. Заеднички вложувања** | **1.580.039** | **1.409.859** | **89** |
| **5. Нематеријални средства** | **74.661** | **1.209.188** | **1.620** |
| **6. Материјални средства** | **64.349.217** | **61.633.069** | **96** |
| **7. Останати средства/побарувања** | **5.173.314** | **4.452.177** | **86** |
| Побарувања за данок на добивка | | | |
| Останати побарувања | 5.173.314 | 4.452.177 | 86 |
| **8. Одложени приходи и однапред платени трошоци** | **260.280** | **438.840** | **169** |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **142.543.805** | **141.301.412** | **99** |

**ПАСИВА**

**во денари**

| Назив | 2015 | 2016 | Индекс 2016/2015 |
|---|---|---|---|
| **1. Обврски** | **3.006.270** | **1.828.883** | **61** |
| Останати обврски | 2.642.575 | 1.506.296 | 57 |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 363.695 | 322.587 | 89 |
| **2. Капитал и резерви** | **139.537.534** | **139.472.529** | **100** |
| Запишан капитал | 103.497.760 | 103.497.760 | 100 |
| Резерви | 35.647.941 | 35.647.941 | 100 |
| Ревалоризациони резерви | | | |
| Добивка за финансиска година | | | |
| Загуба за финансиска година | 4.956.664 | 65.005 | 1 |
| Задржана добивка | 5.348.498 | 391.834 | 7 |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **142.543.805** | **141.301.412** | |

**БИЛАНС НА УСПЕХ**

**во периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 година**

**во денари**

| Приходи | 01.01.-31.12.2015 | 01.01.-31.12.2016 | Индекс 2016/2015 | Програма 2016 | Индекс 2016/План |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Приходи од камати** | **1.566.757** | **1.192.731** | **76** | **1.200.000** | **99** |
| **2. Приходи од усогласување до објективна вредност на удели** | **360.567** | **342.862** | **95** | **300.000** | **114** |
| **3. Приходи од провизии и надоместоци** | **21.959.627** | **23.438.082** | **107** | **25.790.000** | **91** |
| Надомест за членство | 2.659.355 | 3.381.500 | 127 | 2.600.000 | 130 |
| Надомест од тргување | 10.740.272 | 11.806.582 | 110 | 14.715.000 | 80 |
| Приходи од котација | 8.560.000 | 8.250.000 | 96 | 8.475.000 | 97 |
| **4. Останати приходи од дејност** | **5.155.197** | **5.409.717** | **105** | **5.700.000** | **95** |
| **5. Нето добивка од курсни разлики** | **2.107** | | | | |
| **Вкупно приходи:** | **29.044.255** | **30.383.392** | **105** | **32.990.000** | **92** |
| **Расходи** | **01.01.-31.12.2015** | **01.01.-31.12.2016** | **Индекс 2016/2015** | **Програма 2016** | **Индекс 2016/План** |
| **1. Расходи за провизии и надоместоци** | **10.942.177** | **7.573.482** | **69** | **7.579.466** | **100** |
| Провизии од банки | 72.829 | 69.018 | 95 | 75.000 | 92 |
| Берзанска провизија за КХВ | 10.869.348 | 7.504.464 | 69 | 7.504.466 | 100 |
| **2. Трошоци за вработени и останати користи за вработени** | **12.513.662** | **12.030.045** | **96** | **12.500.000** | **96** |
| **3. Амортизација** | **3.454.377** | **3.133.487** | **91** | **3.100.000** | **101** |
| **4. Исправка на вредност на побарувања** | **1.115.957** | **756.601** | **68** | **1.000.000** | **76** |
| **5. Останати расходи од дејност** | **5.911.608** | **6.784.143** | **115** | **7.650.000** | **89** |
| Материјални и слични трошоци | 1.649.849 | 1.739.941 | 105 | 1.700.000 | 102 |
| Трошоци за услуги | 2.739.859 | 3.307.533 | 121 | 4.000.000 | 83 |
| Одбор на директори | 480.000 | 426.668 | 89 | 480.000 | 89 |
| Трошоци за службени патувања | 256.645 | 273.666 | 107 | 500.000 | 55 |
| Трошоци за репрез., реклама и пропаг. | 360.958 | 550.842 | 153 | 500.000 | 110 |
| Осигурување | 155.777 | 165.885 | 106 | 170.000 | 98 |
| Други трошоци | 268.520 | 319.608 | 119 | 300.000 | 107 |
| **6. Удел во загубата на заед. вложување** | **63.138** | **170.180** | **270** | | |
| **7. Нето загуба од курсни разлики** | | **460** | | | |
| **Вкупно расходи:** | **34.000.919** | **30.448.398** | **90** | **31.829.466** | **96** |
| **Добивка (загуба) пред оданочување** | **-4.956.664** | **-65.005** | **1** | **1.160.534** | **-6** |
| **Данок на добивка** | **0** | **0** | | | |
| **Нето добивка (загуба) за финан. година** | **-4.956.664** | **-65.005** | | | |